# ОЦЕНКА И НАСОЧУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН

## СТРАТЕШКА ОЦЕНКА НА СЕГАШНАТА СОСТОЈБА, КАКО СЕ ПЛАНИРА СО ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН И УТВРДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ ЈАЗ ЗА ДОГОВОРОТ ЗА УСЛОВИ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Конечна верзија**

**Центар за економски анализи-ЦЕА**

септември 2023 година, Скопје

| | |
|---|---|
| **Проект:** | Оценка и насочување на потенцијалите на иницијативата Отворен Балкан |
| **Спроведен од:** | Центар за економски анализи - ЦЕА Скопје |
| **Наслов:** | Стратешка оцена на сегашната состојба, како се планира со иницијативата Отворен Балкан и утврдување на административниот јаз за Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан |
| **Автори:** | Експерти од земјите (по азбучен ред):<br>Албанија: Мерита Тоска<br>Босна и Херцеговина: Аднан Черимагиќ<br>Косово: Рамадан Иљази<br>Црна Гора: Институт за претприемништво и економски развој<br>Северна Македонија: Центар за економски анализи и Стефан Ристовски<br>Србија: Центар за напредни економски студии |

Изработката на оваа студија е поддржана од Фондацијата „Отворено општество“ за Албанија преку Проектот „Оценка и насочување на потенцијалите на иницијативата „Отворен Балкан“ спроведуван од ЦЕА.

Ставовите искажани во овој документ не секогаш ги одразуваат ставовите на Фондацијата „Отворено општество“ за Албанија.

Репродукцијата е дозволена за некомерцијални цели под услов да се наведе изворот.

# Содржина

**За Проектот** 4

**Основа** 5

**Вовед** 7

**Проценет административен јаз за Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во рамки на иницијативата Отворен Балкан** 8

Квалитативна експертска оценка на административниот јаз на државата 8

Резимирано појаснување на оценката на административниот јаз 9

Моменталната состојба 9

Сценарио на Отворен Балкан 11

Оценка на јазот 14

Дополнителни коментари 17

Измена на законодавството и потребни ресурси 18

**Законодавство и подзаконска регулатива во врска со Взаемното признавање на дипломи и научни степени издадени од високообразовни установи и други овластени институции** 28

**Законодавство и подзаконска регулатива во врска со Електронската идентификација на граѓаните на Западен Балкан** 33

**Законодавство и подзаконска регулатива во врска со Соработката на даночната управа во Западен Балкан** 37

**Анекс. Целокупен експертски систем за оценување** 41

**Анекс. Резимирано појаснување на оценката на административниот јаз** 43

# За Проектот

**ЦЕНТАРОТ ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ - ЦЕА СПРОВЕДУВА ЕДНОГОДИШЕН ПРОЕКТ НА ФОО НАСЛОВЕН: ОЦЕНКА И НАСОЧУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН (OBI).**

**КОНТЕКСТ**
Согледувајќи ја состојбата во државите на Западен Балкан во однос на намалениот интерес за проширување од страна на ЕУ, претседателот на Србија Александар Вучиќ, премиерот на Северна Македонија Зоран Заев и премиерот на Албанија Еди Рама донесоа одлука во октомври 2019 година „да ја преземат судбината во свои раце“ и ја покренаа идејата за воспоставување на „мини Шенген“. Во јули 2021 година, таа идеја прерасна во регионална иницијатива **„Отворен Балкан[1]”**. Иницијативата не претставува замена за членството во ЕУ, туку пат за забрзано пристапување и искористување на постоечките, но недоволно искористени потенцијали во овие држави, што би можело да поттикне дополнителен економски раст и развој, а следствено на тоа и поголема благосостојба на граѓаните.

**ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ НА МОМЕНТУМОТ**
За развој и негување на соседските односи на Западен Балкан со цел да се зголеми економскиот просперитет, потребно е да се укинат граничните контроли и останатите бариери за да се олесни протокот на луѓе, стоки и услуги, како и капиталот во регионот. Анализа на разликите по региони (на пример приморски наспроти копнени, НТЕС 2 и НТЕС 3 региони, градски наспроти селски, главни градови наспроти останатите градови) за државите на Западен Балкан може да даде одговори во врска со приоритетите за забрзан раст и внатрешно приближување на регионот на Отворен Балкан. **Во моментов не постои соодветно образложена анализа за да се проценат постојните предизвици.**

Искуството со пандемијата на Ковид-19, кризата со храна и енергенси, како и војната во Украина ја нагласуваат важноста од внатрешна соработка и координација, како и потребата за заемно разбирање и солидарност помеѓу државите од Отворен Балкан. Внатрешната координација и соработка, размена на искуства и солидарност коишто државите од регионот си ги нудат едни на други носат вредност во поглед на идната интеграција во ЕУ доколку државите од Отворен Балкан зборуваат со еден глас.

Надворешното опкружување на регионот, особено сега заради војната во Украина, уште повеќе нагласува колку се важни соработката и координацијата, како и потребата од заемно разбирање и солидарност.

[1] Со инцијативата Отворен Балкан, ќе ги дефинираме териториите на шест држави од Западен Балкан-ЗБ6: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија.

**АЛАТКИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ПОТЕНЦИЈАЛОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОРАБОТКА И КООРДИНАЦИЈА**

Додека на политичко ниво се покажува политичка волја на највисоко ниво за Отворен Балкан, сепак на административно ниво, т.е. „на терен" луѓето сè уште не можат да ги почувствуваат придобивките од оваа иницијатива. **Она што во најмала рака недостасува е истражување на политиките засновано врз докази во врска со застојот во соработката помеѓу потенцијалите на шесте држави од Отворен Балкан.**

**АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ**

**Група на независни експерти од шесте држави коишто ќе работат на дијагноза и истражување на застојот во соработката и координацијата помеѓу државите од Отворен Балкан ќе додадат вредност на веќе покажаната политичка волја за иницијативата Отворен Балкан да се развива на поструктуриран и систематски начин со осврт на приоритетите на патот кон развојот на оваа регионална иницијатива.**

# Основа

Во согласност со Условите на проектот, овој регионален истражувачки проект има четири главни задачи:

- ЗАДАЧА 1: Анализи на земјите - скрининг фокусиран на иницијативата Отворен Балкан
- ЗАДАЧА 2: Анализа на диспаритетите
- ЗАДАЧА 3: Процена на административните јазови и тесни грла
- ЗАДАЧА 4: Макроекономски проекции за Отворен Балкан

**Суштината на ЗАДАЧАТА 1** беше поврзана со тоа дека речиси секоја политичка иницијатива би можела да се спроведе, но крајната цел на секоја политичка иницијатива треба да биде подобрување на благосостојбата на граѓаните. Така, политичката идеја и волја во однос на Отворен Балкан (ОБ) треба на некој начин вертикално да се пренесат од политичарите на власт (извршна-влада и законодавна-собрание) преку администрацијата со инструменти како што се: состаноци, седници, стратегии, акциски планови, програми и слично и нивно спроведување, на граѓаните односно за поголеми придобивки на граѓаните.

**Суштината на ЗАДАЧАТА 2** беше поврзана со тоа што секоја земја во Западен Балкан (ЗБ) има свои карактеристики, со што во рамки на земјите и помеѓу нив има разлики, но и сличности. Затоа ги анализираме разликите и сличностите на Номенклатурата на територијалните единици за статистика 3 (НТЕС 3) на ниво на региони на ЕУ, зависно од достапноста на податоците. Идејата е дека со оглед на Меморандумите за разбирање и Договорите поврзани со иницијативата ОБ и Слободата на движење на ЕУ, одредени НТЕС региони во земјите на ЗБ може да имаат повеќе сличности меѓу себе отколку други. Така, оние НТЕС 3 региони коишто формираат одреден кластер, на пример покажуваат сличности во однос на одредени демографски особини и/или одредени социо-економски особини може да бидат платформа за поефикасно спроведување на Слободата на движење на ЕУ и на целите на Меморандумите за разбирање и Договорите

поврзани со иницијативата ОБ. Ова не значи дека регионите со поголеми диспаритети не можат да ги постигнат истите цели, туку само покажува дека политиките во регионите коишто имаат поголема сличност би можеле да се спроведат поефикасно бидејќи имаат слични предизвици. Во регионите каде што се видливи поголеми разлики веројатно ќе има потреба од повеќе ресурси за да се постигне конвергенција и намалување на нееднаквоста.

**Суштината на ЗАДАЧАТА 3** е да се направи проверка на фактите за главните иницијативи со потенцијалите на администрацијата за администрирање на иницијативите. Во овој дел сакаме да идентификуваме Меморандум за разбирање на иницијативата Отворен Балкан и/или Договори поврзани со иницијативата Отворен Балкан и за истите да се направи проверка на фактите и да се подготват препораки со список на потенцијални законски измени.

Имајќи ги предвид ресурсите на проектот беше идентификуван *Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот* во рамките на ОБИ *(доколку овој Договор стапи на сила, неговата примена ќе започне на денот на влегувањето во сила на Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на ЗБ)*. Овој договор беше посочен и како најзначаен за теренската работа на бизнис заедницата во дискусиите во Скопје и Белград.

Беше развиена алатка со цел да оцени дали земјите-учеснички на иницијативата ОБ имаат развиено/усвоено/утврдено подзаконски акти, протоколи или други инструменти пропишани во Меморандумите за разбирање и Договорите коишто се однесуваат на иницијативата ОБ. На крај, заради проверка на фактите на спроведувањето на идентификуваниот Договор во рамките на иницијативата ОБ, експертите од шесте земји го оценија административниот јаз и даваат препораки во однос на списокот на потенцијални законски измени. Така, ЗАДАЧАТА 3 се состоеше од:

1. Работилница со бизнис заедницата во Северна Македонија и Србија за да се добие нивна перцепција за релативната важност на Меморандумите за разбирање и Договорите во рамките на иницијативата ОБ (земји-учеснички и неучеснички);
2. Имплементирање на алатка заради процена дали земјите-учеснички во рамките на иницијативата ОБ развиле/усвоиле/утврдиле подзаконски акти, протоколи или други инструменти пропишани во Меморандумите за разбирање и Договорите коишто се однесуваат на иницијативата ОБ (само земјите-учеснички);
3. Проверки на факти за спроведувањето на идентификуваниот *Договор за условите за слободен пристап до пазарот на трудот* во рамките на ОБИ и подготовка на препораки со список на потенцијални законски измени (земји-учеснички и неучеснички).

**ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА:** Експертите од земјите имаа неутрален став и непристрасен пристап во поглед на прибирањето и анализата на податоците во рамките на оваа истражувачка задача. Без разлика на нечиј став кон иницијативата ОБ, било да е критика заснована на информации или поддршка во однос на иницијативата, нивното мислење не треба да влијае врз процесот на прибирање на податоци и нивна анализа за да не фаворизира, ниту игнорира, ниту поттикнува одреден одговор или исход наспроти другите.

Земјите од ЗБ кои се дел од иницијативата ОБ (Албанија, Северна Македонија и Србија) во овој документ се дефинирани како **„учеснички“**, а земјите од ЗБ кои не се дел од иницијативата ОБ (Босна и Херцеговина, Косово и Црна Гора) во овој документ се дефинирани како земји **„неучеснички“**.

# Вовед

Во овој документ е прикажано резиме на извештаите од шесте држави откако алатката за стратешка проценка за административниот јаз беше применета на *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ*[2] *(доколку овој Договор стапи на сила, неговата примена ќе започне на датумот на влегување во сила на Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на ЗБ)* . Меѓутоа, со оглед на неговата важност и со цел работната сила да има придобивка од слободниот пристап во ЗБ и слободно да учествува на пазарот на трудот, при спроведување на нашата проценка на административниот јаз, до одредена мера истовремено работевме и на:

- *Договор за соработка во ЗБ во областа на меѓусебното признавање на дипломи и научни степени издадени од високообразовни установи и други овластени институции*[3]
- *Договор за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на ЗБ* и
- *Меморандум за разбирање за соработка на даночните управи во ЗБ* .

Оттука, тимот подетално го процени административниот јаз за *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ,* но и **до одреден степен ја процени** моменталната состојба на:

- *Договорот за соработка во ЗБ во областа на меѓусебното признавање на дипломи и научни степени издадени од високообразовни установи и други овластени институции*
- *Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на ЗБ* и
- *Меморандумот за разбирање за соработка на даночната управа во ЗБ.*

Веруваме дека овие информации се важни за креаторите на политики за да им донесат добросостојба на граѓаните на ЗБ6.

[2] Видете повеќе на: http://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Otvoren_Balkan/working_permits.pdf .

[3] Имајте на ум дека прелиминарните резултати од прашалникот кој е спроведен во Стопанската комора покажуваат дека 29 % од бизнисите го избрале *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ* како договор од иницијативата Отворен Балкан кој ќе има најголемо влијание врз нивните бизниси. Дополнителни 15 % велат дека взаемното признавање на професионалните квалификации, дипломи и степени ќе има влијание и врз нивните бизниси.

# Проценет административен јаз за Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во рамки на иницијативата Отворен Балкан

## Квалитативна експертска оценка на административниот јаз на државата

Со оглед на наодите од истражувањето од тимот на експерти од државата и со оглед на Методологијата, државата ја оцени квалификацијата за административниот јаз за Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во рамки на иницијативата Отворен Балкан, која е претставена во следната табела (видете го Анексот кон овој документ за појаснување на системот за оценување).

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оценка | Државата е подготвена да го преземе спроведувањето на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ со поголеми измени во законодавството и подзаконската регулатива, воведувањето на постапка и/или систематизација на нови кадри и/или планирање и набавка на нова опрема.<br><br>За законодавство: 4<br><br>За постапки: 4<br><br>За потребен персонал: 4<br><br>За потребна опрема: 2<br><br>Збир: 14 | Државата не е подготвена да го преземе спроведувањето на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ и потребни се поголеми законодавни активности, планирање и извршување на јавните финансии и планирање и спроведување на јавните набавки<br><br>За законодавство: 5<br><br>За постапки: 5<br><br>За потребен персонал: 4<br><br>За потребна опрема: 5<br><br>Збир: 19 | Државата е подготвена да го преземе спроведувањето на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ со поголеми измени во законодавството и подзаконската регулатива, воведувањето на постапка и/или систематизација на нови кадри и/или планирање и набавка на нова опрема<br><br>За законодавство: 5<br><br>За постапки: 4<br><br>За потребен персонал: 3<br><br>За потребна опрема: 3<br><br>Збир: 15 | Државата не е подготвена да го преземе спроведувањето на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ и потребни се поголеми законодавни активности, планирање и извршување на јавните финансии и планирање и спроведување на јавните набавки<br><br>За законодавство: 5<br><br>За постапки: 4<br><br>За потребен персонал: 4<br><br>За потребна опрема: 4<br><br>Збир: 17 | Државата донекаде е подготвена да го преземе спроведувањето на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ со измени во законодавството/ подзаконската регулатива и/или воведувањето на постапки и/или систематизација на нови кадри и/или планирање и набавка на нова опрема<br><br>За законодавство: 4<br><br>За постапки: 3<br><br>За потребен персонал: 3<br><br>За потребна опрема: 2<br><br>Збир: 12 | Државата донекаде е подготвена да го преземе спроведувањето на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ со измени во законодавството/ подзаконската регулатива и/или воведувањето на постапки и/или систематизација на нови кадри и/или планирање и набавка на нова опрема<br><br>За законодавство: 2<br><br>За постапки: 2<br><br>За потребен персонал: 3<br><br>За потребна опрема: 3<br><br>Збир: 10 |

## Резимирано појаснување на оценката на административниот јаз

Следува детално резимирано појаснување на квалитативната оценка на експертите. Повеќе детали се достапни во табелата во Анексот и во соодветните извештаи за државата.

### Моменталната состојба

**Албанија**

Во Албанија, Централните владини институции (најмалку 12 вклучени институции) ги регулираат надлежностите за пристап до пазарот на труд. Владата на Албанија е задолжена за утврдување на годишните квоти за влез на странци на пазарот на трудот во Албанија (одобрено со Уредба на Советот на министри за таа цел). Дозволата за престој и работа (единствена дозвола за вработување, самовработување, висококвалификувани вработени, префрлени во претпријатие, инвеститори и дигитални номади) ја издава органот кој е одговорен за граници и миграција (во рамки на Министерството за внатрешни работи) и е одобрена од Националната агенција за вработување и вештини (Национална агенција за вработување и вештини - АКРА во рамки на Министерството за финансии и економија). Постапката се врши на интернет на порталот e-Albania (кој е воспоставен и управуван од Националната агенција за информатичко општество во Албанија). Постапката трае најмногу 12 недели од датумот на поднесување на барање и чини 8.000 албански леки (приближно 70 евра).

**Босна и Херцеговина**

Надлежностите за пристап до пазарот на трудот во БиХ се вршат на државно ниво, од двата ентитета и округот Брчко. Државното ниво е надлежно да утврди квоти за пристап на странци до пазарот на трудот. На ниво на ентитет (Федерација и Република Српска), округот Брчко и на ниво на кантон (десет кантони), службите за вработување се одговорни за издавање работни дозволи за странци во границите на квотите кои се утврдени на државно ниво. Сегашните правила не се разликуваат според државјанството, така што нема посебни правила за граѓаните од земјите во регионот. Исто се постапува со сите странски државјани.

Според извештајот од октомври 2022 година, БиХ има одредено ниво на подготовка во областа на слободно движење на работниците и има постигнато ограничен напредок од 2021 година. Во моментов, работодавачите аплицираат за работна дозвола кај надлежниот орган (не на интернет!) и одобрувањето на работната дозвола зависи од тоа дали има невработени граѓани на БиХ кои би можеле да ја прифатат работата. Процесот на издавање на работните дозволи трае до 30 дена. Поголемиот дел од работните дозволи се издаваат од службите за

вработување во Сараево и Бања Лука, каде што проблем е недостатокот на кадар, како и недостатокот на развиен систем за информатичка технологија кој е поврзан со други институции.

### Косово

Косово не е земја-учесничка во иницијативата Отворен Балкан и како таква сè уште го нема потпишано и ратификувано Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан; сè уште го нема формирано Заедничкиот комитет; сè уште нема усвоено деловник за работа на Заедничкиот комитет; сè уште нема спроведено анализа на законските измени кои се потребни за нивно усогласување со Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан и за спроведување на овој договор. На крајот, Косово сè уште го нема развиено институционалниот систем (надлежен персонал, постапки, бази на податоци/системи, итн.) со цел да го спроведе и да обезбеди усогласеност со Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан.

### Црна Гора

Во согласност со Законот за странци и подзаконските акти на овој Закон, секоја година Владата носи одлука за бројот на странци кои можат да се вработат во Црна Гора, како и за областите на стопанска дејност во кои може да се вработат странци. За да заснова работен однос, секој странец мора да добие Дозвола за престој и работа во Црна Гора (до една година, која може да се продолжи на две години).

Дефинирана е постапката за добивање дозвола за престој и работа како и потребната документација. Најголем дел од работата за обезбедување работни дозволи ја завршуваат работодавците, кои генерално сносат најголем дел од трошоците за овие дозволи. По добивањето на оваа дозвола, во согласност со Законот за работни односи, таквиот странец ги има истите права и обврски како и секој вработен од државата. Во процесот на интеграција во ЕУ, Црна Гора во најголема мера го усогласи своето законодавство со ЕУ.

### Северна Македонија

Странските државјани кои сакаат да работат во Северна Македонија треба да добијат дозвола за привремен престој за потребите на вработувањето, во една од три категории. Тоа се следните три категории: вработување на странец, сезонско вработување на странец или привремено преместување на вработени, при што секоја категорија има посебни критериуми. Дозволите се издаваат за период од една година, што овозможува странецот да се ангажира на конкретното работно место за кое е одобрен привремен престој. Вработувањето во Македонија може да се случи преку формално вработување, самовработување. Работната дозвола која е издадена од Агенцијата за вработување се издава на странци врз основа на регулиран престој од други причини. Важно е да се напомене дека процесот за издавање

на овие дозволи сè уште не е дигитализиран во општата правна и политичка рамка што ги регулира престојот и работата на странците. Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика усвоија соодветни подзаконски акти.

**Србија**

Во согласност со Законот за странци и Законот за вработување на странци, клучните институции за слободен пристап до пазарот на труд во Србија се Министерството за внатрешни работи - Управа за странци и Националната служба за вработување. Постапката во моментот функционира на следниов начин: Работодавачот е иницијатор во име на неговиот работник, а тој најпрво аплицира во Националната служба за вработување за посредување при вработување. Националната служба за вработување го испитува пазарот на трудот и се уверува дека нема достапен домашен работник во нивната евиденција за таа работна позиција. Потоа работодавачот аплицира со потребната документација во Министерството за внатрешни работи за дозвола за престој за неговиот работник. На крајот, работодавачот уште еднаш аплицира со дозволата за престој и другата потребна документација во Националната служба за вработување за да ја добие работната дозвола. Дозволата за престој и работната дозвола важат најмногу една година, а трошоците за работодавачот за целата постапка изнесуваат приближно 330 евра по работник, потребни се околу 2,5 месеци за да се заврши постапката и работникот треба да присуствува најмногу три пати во Министерството за внатрешни работи.

Сепак, по влегувањето во сила на измените во овие два закони, од 1 февруари 2024 година, работодавачот електронски го поднесува барањето за унифицирана дозвола за работа и престој преку веб-сајтот за е-Влада. Министерството за внатрешни работи станува главно административно тело кое одлучува по барањето, а Националната служба за вработување го спроведува само испитувањето на пазарот на трудот. Целата постапка треба да трае околу 15 дена и работникот нема да мора да биде присутен во текот на постапката.

## Сценарио на Отворен Балкан

**Албанија**

Одредбите на Договорот имаат за цел да го олеснат пристапот до пазарите на трудот на договорните страни (слободно да влегуваат, престојуваат и работат, во рамките и во однос на одредбите и условите што се применуваат кај секоја договорна страна). За таа цел, Договорот ги поедноставува постапките за полесен влез, престој и работа на територијата на договорните страни, гарантирајќи еднаков пристап до пазарот на трудот. Идентификацискиот број за Отворен Балкан (со времетраење од 2 години) е предвиден да биде инструмент за електронска услуга за регистрирање податоци на интернет за оние кои сакаат да го остварат правото на слободен пристап. Покрај тоа, треба да се потпише договор за социјални гаранции меѓу договорните страни за целосно искористување на слободниот пристап до правата на пазарот на трудот.

Идентификацискиот број за Отворен Балкан треба да се издаде по приложување на документите, како што се важечка лична карта или биометриски пасош со важност од најмалку 90 дена, без постоење на каква било забрана за влез или престој, без закана за јавниот ред, националната безбедност, јавното здравје или меѓународните односи.

**Босна и Херцеговина**

На институционално ниво, за иницијативата Отворен Балкан е потребно воспоставување на Заеднички комитет и редовни состаноци и известување од Заедничкиот комитет, чија задача е да ги организира, координира и контролира активностите во врска со спроведувањето на договорот и комитетот треба да се состои од најмалку пет претставници од секоја договорна страна. .

Договорот им овозможува на граѓаните на договорните страни да имаат право слободно да се движат, престојуваат и работат. Ги поедноставува административните постапки за влез, движење, престој и работа; и гарантира еднаков пристап до пазарот на трудот. Со него се предвидува и воведување на електронска услуга за регистрација на лични и други податоци на интернет од страна на лица кои сакаат да го остварат правото на слободен пристап (т.н. идентификациски број за Отворен Балкан). Тој предвидува и многу едноставни постапки: регистрација на интернет проследена со издавање на идентификациски број за Отворен Балкан до две години. Потребни документи: важечка лична карта или биометриски патен документ, со важење од најмалку 90 дена; потврда дека нема забрана за влез и престој; не постои закана за јавниот ред, националната безбедност, јавното здравје или меѓународните односи.

**Косово**

Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан, потпишан во Тирана, во 2021 година меѓу земјите учеснички на иницијативата Отворен Балкан, им овозможува на граѓаните на договорните страни слободно да се движат, престојуваат и работат во регионот. Ги поедноставува административните постапки, гарантира еднаков пристап до пазарот на трудот и воведува систем за регистрација на интернет (идентификациски број за Отворен Балкан) за лични податоци. Процесот вклучува регистрација на интернет и издавање на лична карта, со важење до две години, за која е потребна конкретна документација и да не постојат загрижености за безбедноста или јавното здравје. Косово се соочува со значителни политички и административни предизвици во спроведувањето на договорот. Косовската влада ја отфрли иницијативата Отворен Балкан, а оваа одлука е поддржана и од главните опозициски партии и затоа мала е веројатноста дека земјата ќе ја прифати иницијативата Отворен Балкан во блиска иднина. Сепак, деловната заедница во Косово смета дека иницијативата Отворен Балкан овозможува поволности. Косовската влада силно го поддржува Берлинскиот процес, а владата инсистира на спроведување на Заедничкиот регионален пазар.

**Црна Гора**

Имајќи ја предвид законската рамка во Црна Гора, во контекст на Договорот за иницијативата Отворен Балкан, би било неопходно да се измени Законот за странци, со кој се пропишуваат условите за престој и работа на странците. Промената би требало да се направи во делот на изземањето на државите од иницијативата Отворен Балкан, бидејќи во секој случај ова решение би требало да остане и за другите странци (со оглед на тоа што Законот е усогласен со ЕУ). Треба да се направат измени и во подзаконските акти во согласност со ова: Регулативата со која се одредува методологијата за утврдување на годишната квота за вработување на странци, врз основа на која се донесува одлуката за квотата на годишно ниво, како и Правилник со кој се регулира добивањето на работни дозволи за странци. Што се однесува до Законот за работни односи, не треба да се прават промени, бидејќи според овој закон, странците сè уште се третираат како и локалните вработени.

**Северна Македонија**

„Слободниот пристап до пазарот на трудот“, како услуга, во рамки на иницијативата Отворен Балкан ја обврзува Северна Македонија на граѓаните од другите договорни страни (Србија и Албанија) да им овозможи еднаков пристап до пазарот на трудот. За да го оствари ова право на слободен пристап до пазарот на трудот, граѓанинот на договорните страни мора да ги регистрира своите лични податоци и други потребни податоци преку електронската услуга на интернет која е воспоставена од секоја договорна страна. Постапката треба да биде целосно дигитализирана и бесплатна.

**Србија**

Со Договорот се поедноставуваат административните постапки за влез, движење, престој и работа на граѓаните на Северна Македонија и Албанија. Воедно, гарантира дека граѓаните на Албанија и Северна Македонија имаат еднаков пристап до пазарот на трудот во Србија. Договорот предвидува воспоставување на електронска услуга на интернет за регистрација на лични и други податоци за слободен пристап до пазарот на трудот (во согласност со домашното законодавство и Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан).

Постапката за слободен пристап до пазарот на трудот во рамките на иницијативата Отворен Балкан треба да функционира на следниов начин: за да го добијат својот идентификациски број за Отворен Балкан, граѓаните на Албанија и Северна Македонија треба да ги регистрираат и своите лични податоци и други податоци на електронските услуги на нивните влади на интернет (портали на е-Влада). Ова треба да се направи пред или по влезот во државата (но не подоцна од 90 дена). Потоа, тие го добиваат нивниот идентификациски број за Отворен Балкан со кој можат да аплицираат за бесплатен пристап до српскиот пазар на трудот на српскиот веб-сајт E-uprava.

Министерството за внатрешни работи испитува дали се исполнети потребните услови и Националната служба за вработување на Србија издава Одобрение за слободен пристап до пазарот на трудот која трае до две години.

Тоа е многу поволно за албанските и македонските работници во Србија бидејќи целата постапка е целосно бесплатна, што значи дека нема административни трошоци.

## Оценка на јазот

**Албанија**

Албанија и другите договорни потписнички на *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ* мора да овозможат воспоставување на Заеднички комитет како орган кој ги гарантира договорените активности. Затоа, Владата на Албанија треба да избере најмалку 5 претставници од вклучените институции за слободен пристап до пазарот на трудот. Заедничкиот комитет мора да го одобри својот Деловник за работа и соодветно да го следи напредокот и да известува за напредокот во спроведувањето на одредбите од Договорот.

Законот 79/2021 „За странци" со кој се регулира влезот, престојот и пристапот до пазарот за трудот на странци во Албанија треба да се измени (вклучувајќи ги и подзаконските акти) за да се приспособи на одредбите на Договорот. Конкретно, идентификацискиот број за Отворен Балкан треба да се додаде како посебна под-категорија на „единствена дозвола" која се користи во моментот. Истовремено, генерирањето на идентификациски броеви за Отворен Балкан ќе биде вклучено во електронските услуги што pGoA ги обезбедува на порталот e-Albania, искористувајќи го искуството со е-услугите. Личната карта за Отворен Балкан може да биде дигитална, а физичка лична карта за Отворен Балкан може да издаде орган кој издава биометриски лични карти и пасоши за албанските граѓани (воспоставена инфраструктура и додадени трошоци за печатење на картата). За овие измени е потребно потпишување на дополнителни протоколи и договори за спроведување на одредбите од Договорот. Конкретно, треба да се договараат и потпишат договори меѓу договорните страни за здравственото осигурување, социјалното осигурување (и валидноста на работното искуство во земјата-домаќин за пресметување на старосната граница за пензија) и оданочувањето на приходот остварен во земјата домаќин. Затоа, можеби ќе треба да се вработат некои нови кадри за проследување на барањата од граѓаните на договорните страни, но нема потреба од значителни инфраструктурни промени (од технолошка гледна точка од воспоставувањето).

**Босна и Херцеговина**

Доколку БиХ се приклучи на иницијативата Отворен Балкан и овој договор, тогаш ќе треба да одлучи кои пет претставници ќе седнат во Заедничкиот комитет (заради децентрализираната природа на БиХ, може да биде предизвик да се донесе одлука). Воедно, БиХ ќе треба

да воведе законски измени (а потоа да ги промени подзаконските акти) што ќе овозможи поедноставување на административните постапки за влез, движење, престој и работа; а да гарантира еднаков пристап до пазарот на трудот за граѓаните на договорните страни (различни нивоа на власт во БиХ, во согласност со нивните надлежности). БиХ ќе треба да воведе електронска услуга за регистрација на интернет (законодавно, но и потребни ресурси). Кога станува збор за постапките за договорните граѓани да работат во БиХ, покрај бараните законски измени, БиХ исто така ќе треба да изгради платформа за регистрација на интернет и да ги поврзе институциите за да може да провери дали се исполнети временските услови (на пример, забрана за влез) . Понатаму, ќе биде потребен персонал за водење и одржување на платформата, како и информатичка технологија и други ресурси. Ќе треба и да се назначат пет претставници во Заедничкиот комитет.

### Косово

На Косово му недостига електронски систем за регистрација на работници од другите земји на Западен Балкан, иако има централизирана национална дигитална платформа за услуги (E-Kosova), која може да се користи за оваа намена. На Косово му недостига и веб-сајт каде што компаниите ќе објавуваат слободни работни места кои се достапни на пазарот на трудот во Косово, а луѓето од другите земји на ЗБ ќе аплицираат за достапни работни места.

### Црна Гора

Во однос на ангажирањето на дополнителни ресурси, секако дека би било неопходно да се ангажираат дополнителни вработени кои работат со странци, со оглед на тоа што ќе треба да се одобри идентификациски број на иницијативата Отворен Балкан. Се разбира, под претпоставка дека за овој број е изградена платформа со информатичка технологија. За персоналот кој е ангажиран на нови работни места, ќе биде потребна дополнителна обука, а веројатно и опрема за нивното работно место, како што се компјутери, интернет, маси, столици и слично.

Дополнително, покрај оваа платформа со информатичка технологија, која се однесува на странската понуда на пазарот на труд, Црна Гора е во процес на воспоставување на основата за информатичка технологија за Мрежата на агенции за вработување на ЕУ, оттука произлезе идејата дека во контекст на иницијативата Отворен Балкан, таква платформа би била неопходна и за земјите од иницијативата Отворен Балкан.

### Северна Македонија

Не е воспоставен заеднички комитет и предвидениот деловник е усвоен. Координацијата за процесот на изготвување на протоколот се одвиваше со вклучување на различни институции, предводени од Владата и координаторите на иницијативата Отворен Балкан наместо

заедничка комисија. Овој пристап доведе до побавно спроведување во споредба со пристапот заснован на комитети. Иако е изготвен и договорен дополнителен протокол на техничко ниво, тој не е официјално усвоен. Иако работна група ги изготви протоколите, овие протоколи не се усвоени.

Протоколот кон договорот за пазарот на трудот и договорот за идентификација во рамки на иницијативата Отворен Балкан, врз основа на нацрт-текстови, го опишува процесот на аплицирање и одобрување и техничките аспекти на федерацијата на електронски шеми, соодветно. Овие протоколи треба да се разгледаат заради судир со домашното законодавство, вклучително и за новоформираните тела. За да се обезбеди транспарентност и да се решат потенцијалните конфликти, двата протоколи треба да бидат јавно претставени за соодветни повратни информации од експертите и практичарите пред усвојувањето и спроведувањето.

Услугата за пристап до пазарите на трудот во рамки на иницијативата Отворен Балкан значително се разликува од стандардните процедури и ќе биде целосно дигитализирана. Услугата сè уште не е во функција, делумно заради тоа што информатичкиот систем на Министерството за внатрешни работи не е интегриран со други министерства и агенции. Треба да се спроведе темелно тестирање и верификација за да се обезбеди непречено функционирање без системски проблеми пред услугата да биде јавно достапна. Со договорите и нацрт-протоколите во рамки на иницијативата Отворен Балкан не се прецизира како партиите од Северна Македонија ќе ги проверат лично изнесените информации од подносителите на барање, во врска со проверки на криминално минато, како и проверка на образование, професионални квалификации и други лични аспекти за кои меѓународните договори потпишани во рамките на Берлинскиот процес може да бидат клучни.

Министерството за внатрешни работи ќе има најголем обем на работа за издавање „пристап до пазарот на трудот“ и можеби ќе има потреба од нови компјутери со интернет врска и привилегии за управување со системот за регионалните оперативни единици, во зависност од интересот за оваа услуга.

**Србија**

Во однос на правната рамка, овој договор се смета за *lex specialis* што значи дека се применува исклучиво за прашањата кои се наведени во текстот, додека националното законодавство се применува за сè друго. Народното собрание на Република Србија го ратификуваше, давајќи му сила на закон. Затоа, нема потреба од измена на други закони и подзаконски акти во Србија. Преостанува само Србија и Албанија да склучат договор за социјално осигурување.

Кога станува збор за процедуралниот дел од спроведувањето на овој Договор во Србија, бидејќи клучните владини институции се подготвени за тоа повеќе од една година, главното општо ограничување е недостатокот на политичка волја од „горенаведените“ за финализирање на целиот процес.

Во однос на персоналот, иако се чини дека на Националната служба за вработување не ѝ недостасува работна сила, наш проценка е дека на Министерството за внатрешни работи ќе му треба значително зголемување на персоналот за ефективно да ги следи процедурите кои се

утврдени во Договорот. Покрај тоа, бидејќи Заедничкиот комитет сè уште не е формиран, треба да бидат назначени најмалку пет претставници од клучните институции кои се задолжени за слободниот пристап до пазарот на трудот (Министерство за внатрешни работи, Национална служба за вработување, Канцеларија за информатичка технологија и е-Влада и Министерство за труд).

Кога станува збор за опремата, Националната служба за вработување не предвидува какви било празнини од нивна страна, бидејќи Министерството за внатрешни работи ќе го врши најголемиот дел од работата. Што се однесува до Министерството за внатрешни работи, тие ќе треба да ја надградат својата опрема, на пример да развијат софтвер за брза и лесна комуникација и споделување податоци со други клучни институции (Национална служба за вработување, Канцеларија за информатичка технологија и е-Влада).

## Дополнителни коментари

**Албанија**

Не се достапни информации.

**Босна и Херцеговина**

За високо децентрализираниот систем во БиХ, кој вклучува различни нивоа на управување, ќе биде потребен договор за тоа како точно БиХ ќе го координира и управува спроведувањето на овој договор. На пример, дали платформата за БиХ на интернет би била управувана од едно место или од двата ентитета и од областа Брчко?

**Косово**

Во моментов, бидејќи Договорот не е ратификуван, предизвиците на Косово го вклучуваат и неусогласувањето со правото на ЕУ на релевантното законодавство за прашања во врска со спроведувањето на Договорот. Косово има сложени административни постапки за влез, престој и работа на граѓаните на другите земји од Западен Балкан, како и бариери за еднаков пристап на граѓаните на другите земји од Западен Балкан до пазарот на трудот.

**Црна Гора**

Може да биде многу тешко да се приспособи националното законодавство кон Договорот, но и обратно, барем кога станува збор за случајот со Црна Гора, заради процесот на интеграција во ЕУ.

**Северна Македонија**

Не се достапни информации.

**Србија**

Еден општ коментар во врска со процесот на истражување за овој извештај: некои владини институции во Србија, како што се Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и Канцеларијата за информатичка технологија и е-Влада, беа доста нејасни кога станува збор за обезбедување информации во врска со спроведувањето на договорите во рамки на иницијативата Отворен Балкан.

## Измена на законодавството и потребни ресурси

### Албанија

| **ТАБЕЛА 2: ПОТРЕБНИ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО** | | |
|---|---|---|
| **Законодавство/подзаконска регулатива** | **Потребна измена (за што се работи)** | **Појаснување** |
| Закон за странци, со кој се регулира влезот, престојот и работата на странци во Република Албанија | Да се измени законот за странци за да вклучува конкретна категорија на дозвола која е посветена на идентификацискиот број на Отворен Балкан (и правата што произлегуваат од него) и да се воведат протоколи за размена на податоци со договорните страни. | Албанија се префрли на услуги на интернет во 2023 година, што значи дека половина работа е завршена. За да се обезбеди спроведување на Договорот, во списокот на дозволи кои се издадени во Албанија, додавањето на идентификацискиот број за Отворен Балкан ќе го олесни обемот на работа за граѓаните на ЗБ кои живеат и работат во Албанија. |
| Да се изменат законите и подзаконските акти со кои се регулираат работните односи во Република Албанија, вклучително здравствено осигурување, социјални гаранции, оданочување на доход (и кој било друг поврзан акт). | Да се регулираат прашањата во врска со плаќањето, признавањето и валидноста на здравственото осигурување, социјалните гаранции (и сметајќи ги годините на искуство за потребите на возраста за пензија) и оданочувањето на приходите за граѓаните на ЗБ со идентификацискиот број за Отворен Балкан, кои работат и живеат во Албанија. | Граѓаните кои живеат и работат во Албанија мора да имаат пристап до здравствени и социјални услуги и да подлежат на оданочување. Покрај тоа, работното искуство кај која било договорна страна мора да биде валидно за потребите на пресметување на возраста за пензија. |

| ТАБЕЛА 3: ПОТРЕБНИ ПОСТАПКИ, ПЕРСОНАЛ, ОПРЕМА | | |
|---|---|---|
| **Законодавство/подзаконска регулатива** | **Потребна(и) постапка(и)*<br>Потребен персонал**<br>Потребна опрема***<br>(наведете во полето подолу соодветно за секое законодавство/подзаконска регулатива)** | **Појаснување<br>(Наведете соодветно појаснување во полето подолу.)** |
| Закон за странци, со кој се регулира влезот, престојот и работата на странци во Република Албанија | *Да се воведе идентификациски број за Отворен Балкан и постапка за негово добивање во e-Albania и да се вклучат канцелариите на Aleat во производството на физички карти (каде што албанските граѓани добиваат биометриски лични карти и пасоши).<br>**Да се ангажира потребниот персонал за поддршка на следењето на барањата (апликациите).<br>***Не е потребна посебна опрема. | Албанија обезбедува услуги на интернет, со што се избегнува физичко присуство во моментот на апликацијата. Откако ќе се издаде идентификациски број за Отворен Балкан, канцелариите на ALEAT ја обезбедуваат физичката карта (инфраструктурата е воспоставена за албански лични карти и пасоши).<br>Бидејќи Албанија има воспоставена инфраструктура, за додавање нова услуга не се потребни нови инвестиции и ангажирање на многу вработени. |
| Регулаторна рамка за пазарот на трудот, вклучувајќи здравствено осигурување, социјални гаранции и оданочување. | *Да се ревидираат постојните постапки за плаќање на здравствено осигурување за носителите на идентификациски број за Отворен Балкан;<br>*Да се ревидираат постојните постапки за плаќање на социјално осигурување за носителите на идентификациски број за Отворен Балкан;<br>*Да се ревидираат постојните постапки за оданочување на приходите остварени од носителите на идентификациски број за Отворен Балкан на странецот;<br>**Не е потребен никаков дополнителен персонал за здравствено осигурување, социјални гаранции и оданочување.<br>***Не е потребна нова инвестиција во технологија: здравствено осигурување, социјални гаранции и оданочување. Промените се случуваат во рамки на воспоставената технологија и инфраструктура. | На носителите на идентификациски број за Отворен Балкан треба да им се овозможи пристап до здравствени, социјални и даночни услуги без какви било други барања (апликации) или процедури што треба да се следат или завршат. |

## Босна и Херцеговина

| ТАБЕЛА 2: ПОТРЕБНИ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО | | |
|---|---|---|
| **Законодавство/подзаконска регулатива** | **Потребна измена (за што се работи)** | **Појаснување** |
| Закон за движење и престој на странци и азил на БиХ (и неговите подзаконски акти) | Да се воведат измени кои ќе овозможат постоење/препознавање на идентификациски број за Отворен Балкан, како и воспоставување на платформа на интернет за регистрација на државјани на договорни страни. | Во моментов работодавачите аплицираат за работни дозволи на сите странци, без кои странците не можат да работат. |
| Закони за вработување на странци (два ентитета и округ Брчко) (и нивните подзаконски акти) | Да се воведат измени кои би создале исклучоци за граѓаните на договорните страни кои поседуваат идентификациски број за Отворен Балкан. | Во моментов работодавачите аплицираат за работни дозволи на сите странци, без кои странците не можат да работат. |
| Закони за социјално, здравствено и пензиско осигурување за два ентитета (и округот Брчко) | Да се воведат измени кои би создале исклучоци за граѓаните на договорните страни кои поседуваат идентификациски број за Отворен Балкан. | Во моментов само странците со работни дозволи имаат пристап до социјално, здравствено и пензиско осигурување. |

| ТАБЕЛА 3: ПОТРЕБНИ ПОСТАПКИ, ПЕРСОНАЛ, ОПРЕМА | | |
|---|---|---|
| **Законодавство/подзаконска регулатива** | **Потребна(и) постапка(и)*<br>Потребен персонал**<br>Потребна опрема***<br>(наведете во полето подолу соодветно за секое законодавство/подзаконска регулатива)** | **Појаснување<br>(наведете соодветно појаснување во полето подолу)** |
| Закон за движење и престој на странци и азил на БиХ (и неговите подзаконски акти) | *Воведување идентификациски број за Отворен Балкан<br>**Не е потребен никаков дополнителен персонал<br>***Воведување документи кои би послужиле како потврда за идентификациски број за Отворен Балкан | Во моментов, системот на БиХ не признава никакви исклучоци за кои било специфични групи странци. Ќе бидат потребни законски измени за да се воведе идентификацискиот број за Отворен Балкан. |
| Закони за вработување на странци (два ентитета и округот Брчко) (и нивните подзаконски акти) | *Воведување на платформата за регистрација на интернет<br>**Потребен е дополнителен персонал за водење и одржување на платформата на интернет<br>***Решение за информатичка технологија за платформата на интернет, како и промени што овозможуваат број за Отворен Балкан. | Во случај ако платформата на интернет се води на ниво на ентитет и округот Брчко, ќе бидат потребни законски измени, како и кадровски решенија и решенија за информатичката технологија за развој и одржување на платформата на интернет и број за Отворен Балкан. |
| Закони за социјално, здравствено и пензиско осигурување за два ентитета (и округот Брчко) | *Воведување на признавање на идентификацискиот број за Отворен Балкан<br>**Не е потребен дополнителен персонал<br>***Минимални промени на информатичката технологија за да им се овозможи на граѓаните со идентификациски број за Отворен Балкан да уживаат права. | Во моментов само странците со работни дозволи имаат пристап до социјално, здравствено и пензиско осигурување. Ќе треба да се случат промени за да можат и оние со број за Отворен Балкан да уживаат во истото. |

## Косово

| ТАБЕЛА 2: ПОТРЕБНИ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО | | |
|---|---|---|
| **Законодавство/подзаконска регулатива** | **Потребна измена (за што се работи)** | **Појаснување** |
| Закон бр.04/L-219 за странци | Да се регулираат сите аспекти во врска со влезот, престојот и работата на граѓаните од другите земји на ЗБ во едно поглавје од Законот за странци.<br><br>Да се продолжи времетраењето на дозволите за привремен престој за странци од други земји на ЗБ кои аплицираат за вработување во земјата на две години, со можност за дополнително продолжување.<br><br>Да се додаде преодна одредба во предвидувањето на усвојување на посебен подзаконски акт (регулатива или административна наредба) со која се регулира влезот, престојот и работата на граѓаните од другите земји на ЗБ. | Општо земено, се чини дека предложените измени го усогласуваат косовското законодавство со директивите и прописите на ЕУ, покажувајќи заложба за исполнување на меѓународните стандарди. Јасноста во дефинирањето на различни категории странци и воспоставувањето услови и барања за дозволи за влез и престој се позитивни аспекти на овие измени. Дополнително, исклучоците за обединување на семејството и продолжување на дозволите за дипломирани студенти и научни истражувачи покажуваат дека се земаат предвид конкретни групи и се поддржува нивната интеграција во општеството.<br>Со сегашниот закон се регулира влезот, престојот и работата на сите странци на ист начин и во различни одредби. Тој содржи одредени исклучоци за работниците од земјите членки на ЕУ (како обврска што произлегува од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), но не содржи посебни одредби со кои се регулира влезот, престојот и работата на странци од други земји на ЗБ заради вработување на пазарот на трудот во земјата.<br>Според сегашниот закон, времетраењето на дозволата за привремен престој вообичаено е една година, за сите странци кои аплицираат за таква дозвола заради вработување на пазарот на трудот во земјата.<br>Сегашниот закон не предвидува можност за регулирање на процедуралните аспекти на усогласен и поефикасен начин преку посебно законодавство за спроведување. |
| Нов подзаконски акт | Да се подготви и усвои подзаконски акт (пропис или административна наредба) со кој се регулира влезот, престојот и работата на граѓаните од другите земји на ЗБ. | Со оглед на тоа што одредбите од Законот за странци кои ги регулираат процедуралните аспекти се премногу општи, долги, различни и често нејасни, постои потреба да се донесе регулатива или административна наредба со што само ќе се регулира влезот, престојот и работата на граѓаните од другите земји на Западен Балкан. |

| ТАБЕЛА 3: ПОТРЕБНИ ПОСТАПКИ, ПЕРСОНАЛ, ОПРЕМА | | |
|---|---|---|
| **Законодавство/подзаконска регулатива** | **Потребна(и) постапка(и)*<br>Потребен персонал**<br>Потребна опрема***<br>(наведете во полето подолу соодветно за секое законодавство/подзаконска регулатива)** | **Појаснување<br>(наведете соодветно појаснување во полето подолу)** |
| Закон бр.04/L-219 за странци | Законот може да има корист од поефикасни постапки за доделување дозволи и вработување на странски државјани во Република Косово | Ова може да се постигне со прецизирање јасни и ефикасни постапки за аплицирање, издавање, обновување и откажување на работни дозволи. Ова би помогнало за да се олесни процесот и за странските државјани и за надлежните органи кои се вклучени во издавањето работни дозволи. |
| | Да се обезбеди соодветна обука на персоналот и градење капацитети за да се обезбеди примена на законот | Би било корисно да се осигури дека релевантните органи и персоналот кои се одговорни за издавање работни дозволи добиваат соодветна обука и градење капацитети. Ова ќе им овозможи ефективно да ги разберат и имплементираат одредбите од законот, обезбедувајќи конзистентност и ефикасност во процесите на одлучување. |
| | Воедно, постои потреба од подобрување на инфраструктурата за информатичка и комуникациска технологија, како што е обезбедување на сигурна интернет врска, хардвер (компјутери, сервери) и софтверска апликација која е приспособена на специфичните барања на процесите за пристап до пазарот на трудот. | Воспоставување на механизми за размена на податоци, вклучително и развој на протоколи и систем за олеснување на непреченото споделување информации. |

## Црна Гора

| ТАБЕЛА 2: ПОТРЕБНИ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО | | |
|---|---|---|
| **Законодавство/подзаконска регулатива** | **Потребна измена (за што се работи)** | **Појаснување** |
| Закон за странци | Ќе биде потребно да се усвојат одредени посебни акти или да се измени законот со кои земјите од ЗБ ќе се стават во посебен режим и ќе се изземат од останатите земји, кога станува збор за регулатива за вработување. | Законот за странци го регулира статусот на странците и појаснува што треба да прават доколку сакаат да работат во Црна Гора. Всушност, тие треба да побараат дозвола за престој и работа. Оваа постапка е иста за сите странци. Во случај на договор во рамки на иницијативата Отворен Балкан, би било неопходно да се направи одреден исклучок на одредени земји за усогласеност со законодавната рамка. |

| | | |
|---|---|---|
| Регулатива за критериумите и постапката за утврдување на годишен број на дозволи за привремен престој и работа за странци | Овој подзаконски акт ќе биде нужно изменет на ист начин како и основниот Закон за странци. Треба да се исклучи годишната квота за земјите од иницијативата Отворен Балкан | Регулативата дава критериуми за дефинирање на бројот на странски работници, како и областа на активности каде тие би можеле да се вработат. Значи, во случај на Договор во рамки на иницијативата Отворен Балкан, критериумите за земјите од иницијативата Отворен Балкан треба да се разликуваат од другите. |
| Одлука за определување годишен број на дозволи за привремен престој и работа на странци | Треба да е во согласност со Законот за странци и Регулативата за критериумите и постапката за утврдување на годишен број на дозволи за привремен престој и работа за странци | Треба да се направи исклучок во Законот и Регулативата. Во тој случај, нема потреба од Одлука за земјите од иницијативата Отворен Балкан. |
| Правилник за обрасци, поблиски услови и начин на издавање на дозвола за привремен престој и дозволи за привремен престој и работа | Треба да е во согласност со Законот за странци и Регулативата за критериумите и постапката за утврдување на годишен број на дозволи за привремен престој и работа за странци | Треба да се направи исклучок во Законот и Регулативата. Во тој случај, Правилникот нема да биде применлив за земјите од иницијативата Отворен Балкан. |
| Закон за работни односи | Странецот со дозвола за престој и работа има исто право и обврска како и домашниот работник. Оваа норма треба да се промени со исклучок на земјите од иницијативата Отворен Балкан. | Треба да се направи исклучок за земјите од иницијативата Отворен Балкан. |

| **ТАБЕЛА 3: ПОТРЕБНИ ПОСТАПКИ, ПЕРСОНАЛ, ОПРЕМА** | | |
|---|---|---|
| **Законодавство/подзаконска регулатива** | **Потребна(и) постапка(и)***<br>**Потребен персонал****<br>**Потребна опрема*****<br>**(наведете во полето подолу соодветно за секое законодавство/подзаконска регулатива)** | **Појаснување**<br>**(наведете соодветно појаснување во полето подолу)** |
| Закон за странци | Секако треба да се воспостават нови постапки, преку одредени Правилници и оперативни постапки, со претходни измени на законската рамка (закони и подзаконски акти).<br>Доколку се претпостави дека се воспоставува систем за информатичка технологија за „Идентификациски број на Отворен Балкан" (предуслов), тогаш во делот на законите и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон, ќе биде потребно да се ангажираат нови вработени за да работат на овие идентификациски задачи, за секоја од општините во согласност 1 најмалку. За тоа веројатно е потребна нова компјутерска опрема за секој од новите вработени, но и опрема за работното место (маса, столица...) | Откако ќе се измени законодавството, на тој начин што земјите од Западен Балкан ќе се изземат од други при изменување на Законот за странци и подзаконските акти на овој закон и хипотетичко воспоставување на платформа со информатичка технологија за „Идентификациски број на затворен Балкан", веројатно би требало да се обезбеди дополнителен кадар за одобрување апликации и доделување броеви. Воедно, во секоја од општините веројатно на овие работни места би требало да работи барем уште еден дополнителен вработен, кому треба да му се обезбедат потребните услови за работа (компјутер, интернет, столица, итн.) |
| Закон за работни односи | Веројатно нема да биде потребно дополнително ангажирање | Со оглед на тоа што странските работници со овој закон веќе ги добиваат истите права и обврски како |

| | | |
|---|---|---|
| | | и домашните работници, не треба да се очекува дека ќе има дополнително ангажирање на административни капацитети. |

## Северна Македонија

| **ТАБЕЛА 2: ПОТРЕБНИ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО** | | |
|---|---|---|
| **Законодавство/подзаконска регулатива** | **Потребна измена (за што се работи)** | **Појаснување** |
| Протокол кон Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан<br><br>Протокол кон Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан | Нацрт-протоколот за спроведување на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан и нацрт-протоколот кон Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на Западен Балкан треба да бидат јавно испитани, да се ревидираат каде што е соодветно и подоцна да се усвојат. | Со нацрт-протоколот кон Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан, како што се гледа од нацрт-текстот, дополнително се утврдува постапката за одобрување на барање. Нацрт-протоколот кон Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан за инфраструктурата за техничка спецификација за спроведувањето на договорот.<br>Протоколите кон двата договори можеби ќе треба да се усогласат со домашното законодавство во однос на постапката за примена, преглед и одобрување со поширок збир на закони за дополнително да се прецизираат правата и обврските на граѓаните на земјите испраќачи (Албанија и Србија), како и државните институции на Северна Македонија, вклучувајќи ги правата и обврските на новосоздадените тела, особено Заедничкиот комитет и Заедничките работни групи за спроведување на договорите, земајќи го предвид правниот поредок на Северна Македонија.<br>Во овој поглед, двата протоколи треба да бидат претставени на поширокката јавност пред да бидат усвоени. Ова ќе овозможи инпути од експертската јавност и практичарите на теренот, така што сите конфликти и празнини со постојното законодавство и можните прашања би можеле да се решат пред Протоколот да биде усвоен и спроведен. |
| Деловник за работа на Заедничкиот комитет | Заедничкиот комитет кој е предвиден во Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан, а подоцна да има свој деловник. | Треба да се формира заеднички комитет задолжен за организирање, координирање и контролирање на активностите во врска со спроведувањето на овој Договор со најмалку пет претставници од секоја Договорна страна и доколку има потреба, да се усвои негов деловник. |

| | | |
|---|---|---|
| Подзаконски акт за постапката за спроведување на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан и Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на Западен Балкан | Треба да се донесе подзаконски акт за постапката за спроведување на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан и Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан. | Со оглед на тоа што постапката во однос на аплицирање, разгледување и давање пристап до пазарите на трудот е изменета со договорите во рамки на иницијативата Отворен Балкан во однос на постојните редовни постапки, треба да се изготви и донесе подзаконски акт со кој ќе се утврдат постапката, правата и обврските на институциите на Северна Македонија во однос на спроведувањето на овие договори во рамки на иницијативата Отворен Балкан. Ваквиот подзаконски акт ќе овозможи појаснување за институциите кои се одговорни за спроведување на договорите во рамки на иницијативата Отворен Балкан низ процесот и ќе се зголеми одговорноста на институциите. |
| Правилник за странци за државјани на земјите од иницијативата Отворен Балкан | Потребно е да се изготви правилник за странците кои доаѓаат од земјите испраќачи (во случајот со Северна Македонија, тоа се граѓаните на Албанија и Србија). | Треба да се изготви правилник со кој ќе се утврди интеракцијата помеѓу договорите во рамки на иницијативата Отворен Балкан и постојното национално законодавство за влез, престој и работа во земјите приматели (во овој случај, Северна Македонија). Овој правилник треба да даде насоки за постапките за поднесување барања и жалби, за правата и обврските кои ги имаат заинтересираните граѓани и за правата и обврските на релевантните домашни и странски институции. За овој правилник треба да се земе предвид јазик што е лесно разбирлив. |
| Меѓународен(ни) договор(и) за взаемно признавање на квалификациите од средното и високото образование и професионалните квалификации | Спроведување на релевантни договори во оваа област, особено за признавање на високообразовни квалификации, признавање на професионални квалификации за доктори по медицина, стоматолози и архитекти, потпишани во рамките на Берлинскиот процес | Во случај кога со протоколите кон договорите во рамки на иницијативата Отворен Балкан не се утврдува како ќе се потврди професионалната квалификација на граѓаните на другите земји, што е случај како што се гледа во нацрт-протоколите, имплементираните договори во рамки на Берлинскиот процес може да бидат од клучно значење за олеснување на потврдата за професионалната квалификација на подносителите на барање.<br>Дополнително треба да се регулира верификацијата на подносителите на барање, носители на дипломи од средно образование. |

| **ТАБЕЛА 3: ПОТРЕБНИ ПОСТАПКИ, ПЕРСОНАЛ, ОПРЕМА** | | |
|---|---|---|
| **Законодавство/подзаконска регулатива** | **Потребна(и) постапка(и)***<br>**Потребен персонал****<br>**Потребна опрема***** | **Појаснување**<br>**(наведете соодветно појаснување во полето подолу)** |

| | | |
|---|---|---|
| Договор за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан | *Активирање на услугата „Пристап до пазар на трудот“<br><br>*Верификација на криминалното минато и професионалната квалификација на подносителите на барање<br><br>**Членови на Заедничкиот комитет<br>**членови на Заедничката работна група за протоколот за спроведување на Договор за пазарот на трудот<br>**дополнителен кадар и обука за државната администрација | *Услугата „пристап до пазарот на трудот“ не е достапна за корисниците. Оваа услуга прво треба да се тестира, а откако ќе се потврди дека правилно функционира, треба да биде јавно достапна.<br><br>*Во согласност со нацрт текстот на протоколот кон Договорот, подносителите на барање лично ќе изнесат лични и други податоци како дел од барањето, вклучително информации за нивното (не)криминално минато. Потребно е да се прецизира како институциите би ги проверувале овие информација.<br><br>**Треба да се назначат членовите на Заедничкиот комитет, во согласност со Договорот и членовите на Заедничката работна група, во согласност со нацрт-текстот на протоколот. Може да биде потребен дополнителен обучен персонал за спроведување на договорот доколку бројот на апликации е голем. |
| Договор за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан | **Воспоставување на заедничка работна група<br>**членови на Заедничка работна група за протоколот за спроведување на Договорот за електронска идентификација<br>**дополнителен кадар и обука во државната администрација<br><br>*** Федерација на електронски шеми<br>***Нова опрема за информатичка технологија | **Треба да се назначат членовите на Заедничкиот комитет, во согласност со Договорот и членовите на Заедничката работна група, во согласност со нацрт-текстот на протоколот. Може да биде потребен дополнителен обучен персонал за спроведување на договорот доколку има голем број на барања.<br><br>*** Треба да се интегрира информатичкиот систем на Министерството за внатрешни работи со оној на Министерството за информатичко општество и медиуми.<br>*** Бидејќи Министерството за внатрешни работи ќе преземе најголем обем на работа за да обезбеди „пристап до пазарот на трудот“, на министерството можеби ќе му бидат потребни нови компјутери со интернет врска и привилегии за управување со системот за регионалните оперативни единици. |

## Србија

| ТАБЕЛА 2: ПОТРЕБНИ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО | | |
|---|---|---|
| **Законодавство/подзаконска регулатива** | **Потребна измена (за што се работи)** | **Појаснување** |
| Закон за потврдување на Договорот за социјално осигурување меѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Албанија | Србија треба прво да го склучи овој Договор со Албанија и Националното собрание на Република Србија треба да го ратификува за да стане дел од српското законодавство. | Додека Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ предвидува склучување договори за социјално осигурување меѓу договорните страни, Србија во моментов нема договор со Албанија. Оваа мерка треба да се преземе за да се средат сите технички работи како што се пресметките на пензиите за албанските работници во Србија и *обратно*. |

| ТАБЕЛА 3: ПОТРЕБНИ ПОСТАПКИ, ПЕРСОНАЛ, ОПРЕМА | | |
|---|---|---|
| **Законодавство/подзаконска регулатива** | **Потребна(и) постапка(и)*<br>Потребен персонал**<br>Потребна опрема***<br>(наведете во полето подолу соодветно за секое законодавство/подзаконска регулатива)** | **Појаснување<br>(наведете соодветно појаснување во полето подолу)** |
| Закон за потврдување на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан | * Да се воспостави Заеднички комитет со најмалку 5 претставници од релевантни институции (Национална служба за вработување, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд, Канцеларија за информатичка технологија и е-Влада)<br>Да се склучат дополнителни протоколи за да се дефинираат поспецифични процедури.<br>** Националната служба за вработување нема потреба од нов персонал во врска со иницијативата Отворен Балкан, додека Министерството за внатрешни работи ќе има потреба од повеќе персонал за да ги прима, разгледува и одобри барањата за слободен пристап до пазарот на трудот<br>*** Националната служба за вработување нема потреба од каква било нова опрема, додека на Министерството за внатрешни работи веројатно ќе му требаат мали надградби и набавки на информатичка технологија. | Договорот предвидуваше воспоставување на Заеднички комитет што сѐ уште не е спроведено.<br>Дополнително, не е сигурно која институција ќе биде одговорна за постапување со „документацијата што недостасува“ и информирање на потенцијалните работници од Северна Македонија и Албанија за таа цел.<br>Што се однесува до персоналот, бидејќи Министерството за внатрешни работи би било основна институција задолжена за слободниот пристап до пазарот на трудот во рамки на иницијативата Отворен Балкан, а имајќи го предвид нивниот целокупен недостаток на кадар, проценуваме дека ќе им треба повеќе работна сила, можеби дури и нови сектори и систематизација.<br>Воедно, Министерството за внатрешни работи ќе треба да ја надгради својата опрема, на пример да развие софтвер за брза и лесна комуникација и споделување податоци со други клучни институции (Национална служба за вработување, Канцеларија за информатичка технологија и е-Влада). |

# Законодавство и подзаконска регулатива во врска со Взаемното признавање на дипломи и научни степени издадени од високообразовни установи и други овластени институции

**Албанија**

**Текст:** Во Албанија, признавањето и унифицирањето на странски сертификати и дипломи издадени од странски високообразовни установи (кои припаѓаат на нивоата од 5 до 8 од Албанската рамка на квалификации) се однесуваат на квалификациите од нивоата 5 - 8 од Албанската рамка на квалификации, вклучуваат професионални дипломи, дипломски, магистерски и долгорочни специјализации, како и докторат/докторски и академски титули/АТ (професор и вонреден професор). Центарот за образовни услуги (QSHA) е одговорен за препознавање и унифицирање на професионални дипломи, дипломски, магистерски и долгорочни специјализации. Министерството за образование и спорт го препознава и унифицира нивото 8 – докторат/Д-р, дипломи и академски титули (професор, вонреден професор).

**Законодавство:** Закон бр. 9741 од 21.05.2021 година, „За високото образование во Република Албанија" со измените и дополнувањата. Упатство на Министерот за образование и наука бр. 41 од 08.12.2009 година „За критериумите и процедурите за признавање во Република Албанија на дипломи и уверенија издадени од странски високообразовни установи" со измените и дополнувањата; Уредба на Министерот за образование и наука бр. 375 од 13.11.2009 година „За формирање на комисија и Технички секретаријат за признавање на дипломи и уверенија добиени од високообразовните установи за странци" со измените и дополнувањата.

**Подзаконска регулатива:** По потпишувањето на Договорот за соработка во Западен Балкан во областа на взаемното признавање на дипломите и научните степени издадени од високообразовните установи и други овластени институции, изменето е Упатството на министерот за образование и спорт бр.21 од 15.10.2021 година „За критериумите и процедурите за признавање во Република Албанија на дипломи, уверенија, научни степени и академски титули, издадени од странски високообразовни установи и други овластени институции" со Упатството на Министерот за образование и спорт бр.18 од 08.07.2022 година.

**Постапка:** Пријавувањето за признавање и унифицирање на квалификациите за нивоата од 5 до 8 од Албанската рамка, Европската рамка на квалификации, како и академските титули се врши на интернет преку порталот e-Albania. Потребната придружна документација мора да се достави во електронски формат за време на апликацијата на интернет, во согласност со следните дефиниции, како и да се испрати во рок од 5 (пет) дена од датумот на пријавување на интернет по редовна пошта на адресата на Центарот за образовни услуги. Постапката трае 45 дена од аплицирањето, а цената изнесува 2.500 албански леки (околу 20 евра). За докторат зависи од закажаниот состанок на комисијата за евалуација (која се состанува 9 пати годишно).

**Босна и Херцеговина**

**Текст:** Признавањето на дипломите и научните степени стекнати надвор од Босна и Херцеговина за потребите на вработување е регулирано и имплементирано во ентитетот на Република Српска, округот Брчко и на ниво на кантони (во десет кантони поединечно). На државно ниво постои Центар за информации и препознавање на документи на БиХ, но тој обезбедува поддршка и има рамковна улога.

**Законодавство:** Ентитет на Република Српска: Закон за високо образование, со кој се регулира признавањето и членовите 109-111; Ентитет на федерацијата: Секој од десетте кантони има свое законодавство. На пример, кантонот Сараево има Закон за високо образование со кој се регулира признавањето во член 82. Округ Брчко: Закон за високо образование.

**Подзаконска регулатива:** Ентитет на Република Српска: Правилник за составот и методите на работа на Комисијата за информирање и препознавање на документите од областа на високото образование; Ентитет на Федерацијата: секој од десетте кантони има свое законодавство за високо образование, како и нивни подзаконски акти. На пример, во кантонот Сараево, Универзитетот во Сараево има Регулатива за признавање. Округ Брчко: Подзаконски акт усвоен од Секторот за високо образование во округот Брчко.

**Постапка:** Во Република Српска дипломите и научните степени кои се издадени од Република Србија, врз основа на билатерален договор, се признаваат без никаква дополнителна постапка. Инаку, во ентитетот Република Српска признавањето се врши врз основа на барање поднесено од физичко лице до Комисијата за информирање и признавање на документите во високото образование, додека во ентитетот на Федерацијата се врши во високообразовните установи и министерствата за образование на кантонот (во зависност од кантонот), а во округот Брчко го врши Комисијата за препознавање на документи во високото образование. За постапката за промена на сегашното законодавство за спроведување на договорот за иницијативата Отворен Балкан ќе бидат потребни промени на ниво на ентитет во Република Српска, во секој од десетте кантони, како и во округот Брчко.

**Косово**

**Текст:** Високообразовниот систем во Косово* функционира преку јавните универзитети и приватните високообразовни установи (колеџи, институти, стручни училишта за високо образование и академии). Само акредитирани високообразовни установи можат да понудат студиски програми кои водат до степен или диплома.

**Законодавство:** Високото образование во Косово* е регулирано со Законот за високо образование (бр.04/L-037), усвоен во август 2011 година. Косовскиот парламент ја усвои Националната рамка на квалификации на државата во 2008 година, при што ова е една од првите Национални рамки на квалификации во регионот.

**Подзаконска регулатива:** Од законот од 2008 година, Министрите одобрија низа регулативи за операционализирање на Националната рамка на квалификации, кои опфаќаат одобрување на стандарди, акредитација на даватели, спроведување на процедурите за признавање на претходното учење и други функции. Националната рамка на квалификации на Косово е сеопфатна рамка за доживотно учење, која ги

опфаќа квалификациите од сите сектори на образованието, плус неформалните квалификации. Се состои од осум нивоа, дефинирани со три групи на идентификатори и е развиена во тесна соработка со засегнатите страни. Со рамката управува наменска и автономна агенција, Националната управа за квалификации (NQA) и е поддржана од други јавни институции кои се одговорни за различните образовни потсектори, на пример, општо образование, стручно образование и обука и високо образование.

**Постапка:** Косово и Србија постигнаа договор за меѓусебно признавање на универзитетските дипломи на 2 јули 2011 година. Во 2021 година, Косово и Албанија постигнаа договор за признавање на дипломите. Во 2022 година Косово и Северна Македонија постигнаа договор за признавање на професионалните квалификации на лекарите и другите квалификации за здравствени услуги[4]. Сепак, практиката покажа дека договорите на политичко ниво често не се следат при реалното спроведување од страна на администрацијата, заради технички предизвици и недостаток на правни насоки. За Косово важно е да се продолжи со работата на Комисијата за верификација на универзитетските дипломи добиени на Универзитетот во Северна Митровица (со кој раководи Србија); Комисијата прекина со работа на 31 декември 2021 година.

### Црна Гора

**Текст:** Овој договор во рамки на иницијативата Отворен Балкан ја има истата цел како и договорот што беше потпишан преку Берлинскиот процес, кој веќе го потпишаа сите земји од Западен Балкан. Сè е засновано на поефикасна соработка помеѓу Центрите на Европската мрежа на информативни центри/Мрежата на национални информативни центри за академско признавање (ENIC/NARIC) на државите, што на крајот е целта на процесот на интеграција во ЕУ, односно слободното движење на работниците.

**Законодавство:** Закон за признавање на странски образовни документи и изедначување на квалификациите. Треба да се земе предвид договорот усвоен од Владата (испратен до Парламентот): Договор за признавање на високообразовните квалификации на Западен Балкан. По ратификацијата во Собранието, ќе биде дел и од правниот систем.

**Подзаконска регулатива:** Правилник за содржината и начинот на водење евиденција на издадените решенија за признавање на странски образовни документи, Правилник за содржината на барањето и документацијата што треба да се достави во процесот на признавање на странски образовен документ.

**Постапка:** Признавањето на странски образовни документи за високо образование за потребите на вработување го врши Министерството за образование преку Националниот информативен центар (ENIC), како посебна организациона единица на Министерството.

---

[4] Видете на следниот линк: https://www.kuvendikosoves.org/Uploads/Data/Documents/217Marreveshja_d9TJwNMNzT.pdf

Процесот на признавање на странски образовен документ се започнува на барање на имателот на документот. При процесот на признавање на странски образовен документ за потребите на вработување, мора да се оцени дали институцијата што ја издала дипломата е призната, односно дали е акредитирана од надлежен орган во земјата каде што е добиен образовниот документ.

Образовните документи кои се издадени во републиките на поранешна СФРЈ не подлежат на постапка за признавање на документите во согласност со одредбите на овој закон, доколку се добиени пред датумот на меѓународно признавање на тие републики. Законот предвидува и дека образовните документи кои се добиени во Република Србија пред 25 јануари 2008 година не подлежат на постапката за признавање на документи.

### Северна Македонија

**Текст:** Целта на овој Договор е да се зајакне институционалната соработка за признавање на дипломи и научни степени од високообразовните установи во рамки на Договорните страни. Оваа соработка првенствено ги вклучува канцелариите на Европската мрежа на информативни центри/Мрежата на национални информативни центри за академско признавање (ENIC/NARIC) и служи за подобрување на ефикасноста на процесите за признавање на дипломи. Претходните истражувања укажуваат на тоа дека трилатералниот договор во рамки на иницијативата Отворен Балкан е ставен настрана и не се очекува да биде поттикната негова ратификација. Наместо тоа, Собранието на Северна Македонија изгласа одобрување на Законот за ратификација на Договорот за признавање на високообразовните квалификации на Западен Балкан, потпишан во рамки на Берлинскиот процес.[5]

**Законодавство:** Закон за високо образование[6]

**Подзаконска регулатива:** Правилник за еквивалентност и признавање на странски високообразовни квалификации[7]

**Постапка:** Со Законот за високо образование се опишува процесот за признавање на академските квалификации. Ги дефинира чекорите, потребните документи, временските рамки за одлучување и административните такси кои ги утврдува Министерот за образование. Дипломите од врвните светски универзитети побрзо се обработуваат, но единствен надоместок од приближно 75 евра се применува за сите нивоа на високо образование и за различни странски институции. Почнувајќи од ноември 2022 година, овие постапки се дигитализирани и сега се спроведуваат преку владиниот портал за услуги на интернет.[8]

---

[5] https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/1.-OBI-Project-Regional-Report_Task-Final_NAJFINAL-CIP29052023.pdf
[6] https://mon.gov.mk/stored/document/zakon-za-visoko-obrazovanie-star-mk.pdf
[7] https://dejure.mk/zakon/pravilnik-za-ekvivalencija-i-priznavanje-na-stranskite-visokoobrazovni-kvalifikacii
[8] https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/1.-OBI-Project-Regional-Report_Task-Final_NAJFINAL-CIP29052023.pdf

**Србија**

**Текст:** Овој Договор е наменет да ја олесни институционалната соработка во областа на признавањето на дипломите и научните степени на високо образование кои се добиени во Договорните страни, помеѓу канцелариите на Европската мрежа на информативни центри/Мрежата на национални информативни центри за академско признавање (ENIC/NARIC), со цел да се олеснат постапките за признавање.

**Законодавство**: Закон за високо образование; Закон за националната рамка на квалификации на Република Србија ; Закон за ратификација на договори за признавање на квалификации во високото образование во Западен Балкан (Берлински процес)

**Подзаконска регулатива:** Регулатива за евалуација на странски студиски програми и признавање на странско високо образование; Документи наменети за континуирано образование

**Постапка**: Постапката за признавање на диплома од странство во Србија до неодамна беше иста за државјаните на земјите од Западен Балкан како и за другите странци. Доколку признавањето на странска диплома е направено за потребите на вработување во Србија, оваа постапка ја спроведувала Агенцијата за квалификации. Почнувајќи во 2020 година, барањето може да се поднесе на интернет преку нивниот веб-сајт. За вработување во приватниот сектор, генерално не е потребна валидација (на српски, *нострификација*) на дипломата, додека за вработување во државна институција беше потребно да се изврши валидација на дипломата. Доколку дипломираните студенти на странски универзитети сакале да го продолжат своето образование во Србија, требало да контактираат со универзитетот и факултетот каде што сакаат да ги продолжат студиите, бидејќи секој има свој систем на признавање на странски дипломи.

Меѓутоа, во април 2023 година, Националното собрание на Србија го ратификуваше Договорот за признавање на квалификации во високото образование во Западен Балкан (како дел од Берлинскиот процес). Со овој договор се воспоставуваат заеднички правила и постапки за признавање на високообразовните квалификации, се овозможува мобилност на студентите и академскиот кадар во Западен Балкан, се намалува периодот на одлучување за признавање на најмногу 14 дена и се отстрануваат постојните надоместоци за поднесување барања за признавање на високообразовните квалификации за студентите. Овој договор се однесува на државните универзитети и на крајот ќе се прошири и на приватните.

# Законодавство и подзаконска регулатива во врска со Електронската идентификација на граѓаните на Западен Балкан

**Албанија**

**Текст:** Надлежни институции за електронска идентификација се Министерството за внатрешни работи на Албанија, Националната агенција за информатичко општество во Албанија и Општата царинска управа (во рамки на Министерството за финансии и економија). Во согласност со Одлуката на Советот на Министри од 14.02.2023 година, услугата ќе ја врши акционерско друштво во 100 % сопственост на државата (а застапувано од Министерството за внатрешни работи) за изработка и дистрибуција на лични карти и биометриски пасоши. Во целосна надлежност на друштвото е да обезбеди идентификациски број за Отворен Балкан, а инфраструктурата е воспоставена (како и персоналот).

**Законодавство:** Закон бр. 8668 од 23.10.2000 година „За обезбедување пасош за странство за албански државјани “, со измените и дополнувањата; Закон бр. 8952 од 10.10.2002 година, „За електронска лична карта на албанските државјани“, со измените и дополнувањата.

**Подзаконска регулатива:** Закон бр. 9880 од 25.02.2008 година „За електронски потпис“ и „Регулатива за електронски потпис“ одобрени со одлука на Советот на министри бр. 525 од 13.05.2009 година.

**Постапка:** Барањата за лична карта и биометриски пасош се вршат електронски на порталот e-Albania. Процесот на поднесување барање се разликува за барателите кои поднесуваат барање за прв пат и оние кои бараат обновување на постојните документи, деца и лица постари од 16 години. Постапката започнува со купување на ваучер во Пошта, закажување термин преку интернет и присуство во надлежната канцеларија на Aleat во закажаното време и на закажаниот датум за формалности. Ваучерот за лична карта чини 1.500 албански леки, редовниот биометриски пасош чини околу 7.000 албански леки (пасошот се издава за 7 дена), а брзиот биометриски пасош чини 14.000 албански леки (пасошот се издава за 1 ден). Според тоа, целата инфраструктура е воспоставена за идентификациски број за Отворен Балкан, а протоколите мора да бидат дизајнирани и имплементирани.

**Босна и Херцеговина**

**Текст:** Надлежноста во областа на документите за идентификација е на државно ниво, особено на Министерството за граѓански работи на БиХ и Агенцијата за документи за идентификација, регистри и размена на податоци. Законот за електронски потпис на државно ниво е на сила од 2006 година и не ги поддржува целосно иницијативите за електронска идентификација и доверливи услуги (eIDAS). Новиот предлог Закон за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции (Закон) е подготвен и усвоен од Советот на

министри, но сè уште не е усвоен од Парламентарното собрание на државно ниво (во очекување заради политички спор околу надлежностите).

**Законодавство:** Закон за лични карти на државјани на БиХ и Закон за постојан и привремен престој на граѓаните на БиХ.

**Подзаконска регулатива:** Правилник за образецот на личната карта и податоците содржани во личната карта на државјаните на БиХ; Правилник за надзор над спроведувањето на Законот за лични карти на државјани на БиХ; Насоки за начинот на размена на податоци помеѓу Агенцијата за документи за идентификација, регистри и размена на податоци (IDDEEA) и надлежните органи; Упатство за начинот на пристап до информации во процесот на издавање на документ за идентификација преку веб-порталот на Агенцијата за идентификациски документи, регистри и размена на податоци на Босна и Херцеговина и веб-порталот на надлежните органи.

**Постапка:** Законодавството ќе треба да се промени на државно ниво (предложено од Советот на министри, просто мнозинство во двата дома на парламентот).

### Косово

**Текст:** Министерството за внатрешни работи и Косовската агенција за информатичко општество имаат примарна одговорност за спроведување на електронската идентификација на граѓаните на Западен Балкан.

**Законодавство:** Ова е регулирано со Законот бр. 08/L-022 за електронска идентификација и доверливи услуги во електронските трансакции, кој беше донесен во 2022 година[9].

**Подзаконска регулатива:** Постојат неколку подзаконски акти кои се релевантни за спроведување на Законот бр. 8/L-022, вклучително и регулативата (МЕ) бр. 11/2022 за презентирање, автентикација, пренос, складирање и заштита на електронски документ[10].

### Црна Гора

**Текст:** За да се имплементира овој договор во рамки на иницијативата Отворен Балкан, потребно е да се измени Законот за странци и подзаконските акти со кои се регулира идентификацијата на странците.

**Законодавство:** Закон за странци

---

[9] Видете на следниот линк: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=51618
[10] Видете на следниот линк: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=68636

**Подзаконска регулатива:** Правилник за обрасци, поблиски услови и начин на издавање на дозвола за привремен престој и дозволи за привремен престој и работа.

**Постапка:** Пријавувањето на странец во согласност со законот во Црна Гора треба да се врши во постапка преку локална туристичка организација. Потоа се поднесува дозвола за престој и работа, доколку странецот има намера да заснова работен однос во Црна Гора.

## Северна Македонија

**Текст:** Министерството за информатичко општество и администрација го надгледува регистарот на доверливи даватели на услуги и системи за електронска идентификација. Ова министерство е одговорно за обезбедување на достапноста на порталот за е-услуги и правилното техничко функционирање, додека другите национални институции служат како надлежни органи за испорака на овие е-услуги.[11]

**Законодавство:** Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги[12]

**Подзаконска регулатива:**[13] Правилник за содржината и начинот на водење на регистарот на даватели на доверливи услуги и шеми за електронска идентификација, начинот на поднесување на барањето за регистрација, потребната документација во прилог на барањето, формата на барањето и начинот на објавување на податоците од регистарот. Службен весник бр. 47 од 19.02.2020 година.

Правилник за определување на најнискиот износ на осигурување од евентуална штета предизвикана од издавачот и минимален износ или вид на осигурително покритие од ризик од одговорност за штета предизвикана од давателот на квалификувана доверлива услуга, Службен весник, бр. 274 од 27.12.2019 година.

Правилник за содржината и начинот на водење на списокот на средства за креирање на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат, начинот на поднесување на барањето за запишување во списокот, потребните документи со барањето, начинот на регистрација во списокот и содржината на сертификатот за сообразност на средството за создавање квалификувани електронски потписи или електронски печати и начинот на неговото издавање, Службен весник бр. 274 од 27.12.2019 година.

Правилник за постапките и стандардите за исполнување на техничките, физичките и организациските безбедносни мерки на шемите за електронска идентификација, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 53 од 28.02.2020 година.

---

[11] https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/1.-OBI-Project-Regional-Report_Task-Final_NAJFINAL-CIP29052023.pdf
[12] https://trusteid.mioa.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/LAW-ON-ELECTRONIC-DOCUMENTS.pdf
[13] https://www.mioa.gov.mk/documents-legislation0.nspx

Правилник за формата и начинот на објавување на списокот на даватели на квалификувани доверливи услуги и списокот на квалификувани доверливи услуги, Службен весник бр. 175 од 01.07.2020 година.

Правилник за задолжителни елементи на електронските документи, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 47 од 19.02.2020 година.

Правилник за формата, структурата, големината и логото на знакот на доверба на квалификувана доверлива услуга, Службен весник бр. 4 од 09.01.2020 година.

Правилник за стандардите што мора да ги исполнуваат квалификуваните електронски временски печати, стандардите што ги содржат потврдите за квалификуваната електронска регистрирана испорака и стандардите што треба да ги исполнува квалификуваниот сертификат за автентичност на веб-страниците, Службен весник бр. 4 од 09.01.2020 година.

Уредба за поблиски услови за подготовка на документи за електронско складирање и квалификувано електронско складирање и формати на документи кои се погодни за складирање, Службен весник бр. 72 од 21.03.2020 година.

Методологија за спроведување на процедури и технолошки решенија за безбедно електронско складирање и квалификувано безбедно електронско складирање на документи, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 51 од 25.02.2020 година.

**Постапка:** eID е нематеријална алатка за електронска идентификација на е-Услуги обезбедени од надлежни органи и други субјекти кои обезбедуваат услуги преку Националниот портал за е-Услуги. Регистрација на Националниот портал за е-Услуги и на електронски системи интегрирани со единствено најавување (SSO) со eID, со автентикација на единствено најавување со корисничко име и лозинка или со сертификат за дигитален електронски потпис. Нивоата на eID се однесуваат на нивоата на сигурност на верификацијата на електронската идентификација во процесот на регистрација и најавување. Единственото најавување ги поддржува следните нивоа на eID: основен кориснички профил, eID на ниско ниво, eID на високо ниво.[14]

## Србија

**Текст:** Намената на овој Договор е договорните страни (Србија, Албанија, Северна Македонија) да обезбедат пристап до сопствените услуги за е-Влада на граѓаните на другите Договорни страни, со користење на шемите за автентикација за електронска идентификација на Договорната страна на која припаѓа граѓанинот кој ги користи услугите на е-Влада.

[14] https://uslugi.gov.mk/e-id.nspx

**Законодавство:** Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги во електронскиот бизнис; Закон за електронска администрација

**Подзаконска регулатива:** Регулатива за поблиски услови за воспоставување електронска администрација; Регулатива за организациски и технички стандарди за одржување и унапредување на Единствената информациско-комуникациска мрежа на електронска администрација и поврзување на органите со таа мрежа; Регулатива за начинот на водење на Мета-регистарот, начинот на одобрување, суспендирање и откажување на пристапот до сервисната магистрала на органот и за начинот на работа на порталот е-Влада; Правилник за Регистар на даватели на квалификувани доверливи услуги; Правилник за регистар на даватели на услуги за електронска идентификација и шеми за електронска идентификација; Регулатива за детално регулирање на условите што мора да ги исполнуваат шемите за електронска идентификација за одредени нивоа на доверливост

**Постапка:** Владата на Србија целосно воспостави и работи со услуги за е-Влада во многу области (на пример, здравство, лични документи, даноци, образование, итн.) . Покрај тоа, странците можат да креираат и лична сметка на веб-сајтот *e- uprava* за да аплицираат за привремен престој во Србија. Овој договор во рамки на иницијативата Отворен Балкан предвидува создавање на идентификациски број за Отворен Балкан за граѓаните на Северна Македонија и Албанија со цел да се обезбеди пристап до првата електронска услуга во рамки на оваа иницијатива - Бесплатен пристап до пазарот на трудот (целата постапка е опфатена во текстот погоре). Иако интеграцијата на пазарите на труд беше примарна цел на идентификацискиот број за Отворен Балкан, имплементирани се и други решенија, како што е унифицирање на ТАГ системот за наплата на патарина (во моментов работи само помеѓу Северна Македонија и Србија).

# Законодавство и подзаконска регулатива во врска со Соработката на даночната управа во Западен Балкан

### Албанија

**Текст:** Релевантни институции во оданочувањето се Министерството за финансии и економија (вклучувајќи ја Општата даночна управа и Општата царинска управа) и Агенцијата за обезбедување интегрирани услуги (ADISA). Министерството за финансии и економија е задолжено за креирање на фискалната политика, Општата даночна управа и Општата царинска управа се спроведувачи, а Агенцијата за обезбедување интегрирани услуги е олеснувач на постапката.

**Законодавство:** Закон бр. 8438/1998 „За данок на доход“ изменет за оданочување на доход и пасивни приходи (дивиденди, тантиеми, камата).

**Подзаконска регулатива:** Упатство на Министерот за финансии бр. 5 од 30.01.2006 година „За данокот на доход“.

**Постапка:** За спроведување на Договорот, треба да биде назначено лице од Општата даночна управа (Министерство за финансии и економија) за да ги координира активностите кои се предвидени со Договорот.

## Босна и Херцеговина

**Текст:** Даночната управа во БиХ е високо децентрализирана. На државно ниво се наплатуваат индиректни даноци, сите други даноци се во надлежност на двата ентитети и даночните управи на округот Брчко.

**Законодавство:** Државно ниво: Закон за системот на индиректно оданочување на БиХ; Ентитетот на Република Српска: Закон за даночен систем на Република Српска; Ентитетот на Федерацијата: Закон за даночна администрација на Федерацијата.

**Подзаконска регулатива:** Правилници за размена на информации (?).

**Постапка:** Земајќи ги предвид претходните искуства кога станува збор за зголемена соработка помеѓу различни даночни администрации во регионот, тогаш во име на БиХ ќе треба да се консултираат и да се вклучат сите четири даночни администрации. Иако потпишувањето на Меморандум за разбирање би било можно во име на БиХ како единствен чинител, кога станува збор за имплементација, на пример, за какви било промени во нивото на размена на информации, ќе треба секое ниво на даночна администрација да воведе законски и подзаконски измени.

## Косово

**Текст:** Косово има договори за отстранување на двојното оданочување со цел да се спречи двојното оданочување на доходот и капиталот, како и да се спречи даночното затајување, со повеќето земји од Западен Балкан.

**Законодавство:** Примарното законодавство во областа на оданочувањето во Косово е Законот бр. 03/L-222 за даночна администрација и постапки[15], додека Даночната управа на Косово[16] е извршен орган, кој функционира со целосна оперативна автономија во рамки на Министерството за финансии.

**Подзаконска регулатива:** Во извештајот за земјата од ЕУ кој се однесува на Косово се забележува дека земјата треба да продолжи со понатамошно усогласување на даночното законодавство, вклучувајќи го персоналниот данок на доход (ПДД) и данокот на додадена

[15] Видете: https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2689#
[16] Видете: https://www.atk-ks.org/en/

вредност (ДДВ) со правото на ЕУ, како и да ја зголеми соработката со органите за спроведување на законот и судските институции за да се обезбеди навремено пресудување за случаите на даночно затајување и измама, со акцент на секторите со висок ризик.

### Црна Гора

**Текст:** Овој меморандум за соработка во рамки на иницијативата Отворен Балкан се однесува на соработката на даночните администрации на земјите од Западен Балкан. Иако соработката е добра во секој случај, важно е да се напомене дека Црна Гора преговара за оданочување преку Поглавјето 16 во процесот на пристапување во ЕУ. Според Извештајот на ЕУ, јасно е дека Црна Гора треба повеќе да работи во оваа област, особено во делот на зајакнување на административните капацитети, но и воспоставување на систем за информатичка технологија кој ќе спречи даночно затајување.

**Законодавство:** Закон за работни односи, Закон за персонален данок на доход.

**Подзаконски регулативи:** Упатства за тоа како да се пресметаат даночните плаќања и придонеси од и за личниот доход врз основа на вработување.

**Постапка:** Постапката за пресметка е иста за сите вработени, без разлика дали се резиденти или странци.

### Северна Македонија

**Текст:** Северна Македонија има договор за избегнување двојно оданочување во однос на данокот на доход и данокот на доход од капитал и спречување на фискална евазија со сите земји од Западен Балкан. Се применуваат различни правила и постапки во согласност со секој од договорите.

**Законодавство:** Договор за избегнување на двојното оданочување во однос на данокот на доход и данокот на доход од капитал и спречување на фискална евазија меѓу Албанија и Северна Македонија.

**Подзаконска регулатива:** не е релевантно.

**Постапка:** Северна Македонија има договор за избегнување двојно оданочување во однос на данокот на доход и данокот на доход од капитал и спречување на фискална евазија со сите земји од Западен Балкан. Се применуваат различни правила и постапки во согласност

со секој од договорите. Договорот склучен од Сојузна Република Југославија и Република Македонија кој се применува во однос на Република Србија и Република Црна Гора[17].

### Србија

**Текст:** Целта на овој меморандум за разбирање е да обезбеди рамка за соработка на даночните органи во областа на споделување знаења, но и искуства, добри практики, олеснување на наплатата на даноците и заедничка работа на сузбивање на даночната евазија во рамките на Отворен Балкан.

**Законодавство:** Закон за даночна постапка и даночна администрација; Закон за персонален данок на доход, Закон за даноци на имот; Закон за данок на добивка на правните субјекти

**Подзаконска регулатива:** Правилник за данок на додадена вредност; Правилник за обрасци на даночни пријави за утврден данок на имот, односно за утврдување на данок на имот; Регулатива за поблиски услови, критериуми и елементи за паушално оданочување на само-вработените даночни обврзници

**Постапка:** Србија веќе има воспоставено соработка во однос на избегнувањето на двојното оданочување на персоналниот доход и данокот на доход од капитал и други даноци, како и за борбата против даночното затајување и има воспоставено билатерални договори за овие прашања со сите земји освен Косово*. Кога станува збор за имплементацијата на овој Договор, со спроведените истражувања од постојни извори и интервјуа не беа откриени информации за заедничките активности на даночните органи на Србија, Албанија и Северна Македонија.

[17] http://www.ujp.gov.mk/en/plakjanje/category/137

# Анекс. Целокупен експертски систем за оценување

Секој експерт доделува оценка од 1 до 5:

- **За законодавството,** од 1 до 5 при што квалификацијата 1 се однесува на целосно усогласување на националното законодавство/подзаконска регулатива со *Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан,* вклучително и ратификацијата во Собранието. Квалификација 5 се доделува доколку има потреба од усвојување на нова законска регулатива. Експертот е оној кој треба да даде сопствена експертска оценка од 1 до 5 во зависност од степенот на проценета потреба за усвојување/дополнување/измена на законодавство/подзаконската регулатива во врска со слободниот пристап до пазарот на трудот во државата. Експертот го појаснува оценувањето.
- **За постапките**, од 1 до 5 при што квалификацијата 1 се однесува на целосно усогласување на постапките кои се регулирани во законодавството/подзаконската регулатива со *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан.* Квалификација 5 се доделува доколку има потреба од воведување на цел пакет нови постапки. Експертот е оној кој треба да даде сопствена стручна оценка од 1 до 5 во зависност од нивото на проценета потреба за воведување на нови постапки во врска со слободен пристап до пазарот на трудот во државата. Експертот го појаснува оценувањето.
- **За потребниот персонал**, од 1 до 5 при што квалификацијата 1 се однесува на состојба на доволно постојни човечки ресурси/кадар за спроведување на *Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан* во која било институција. Квалификација 5 се доделува доколку има потреба од воведување нова систематизација со нови човечки ресурси/кадар кој ќе биде буџетиран и вработен во институциите со цел да се спроведе *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ.* Експертот е оној кој треба да даде сопствена стручна оценка од 1 до 5 во зависност од нивото на проценета потреба од нови човечки ресурси/кадар во врска со слободниот пристап до пазарот на трудот во државата. Експертот го појаснува оценувањето.
- **За потребна опрема**, од 1 до 5 при што квалификацијата 1 се однесува на состојба на доволно постојна опрема за спроведување на *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан.* Квалификација 5 се доделува доколку има потреба од буџетирана и јавно набавена нова опрема во институциите со цел да се спроведе *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ.* Експертот е оној кој треба да даде сопствена стручна оценка од 1 до 5 во зависност од нивото на проценета потреба од нова опрема во врска со слободниот пристап до пазарот на трудот во државата. Експертот го појаснува оценувањето.

Така, вкупниот минималниот збир на четирите оценки наведени погоре може да биде 4, а максималниот збир може да биде 20 (со оглед на тоа што опсегот на дискретна оцена на експертско мислење е од 1 до 5 во четирите категории: законодавство, постапки, персонал, опрема) .

Презентирањето на конечната **<u>квалификација</u>** во врска со оценката на административниот јаз од експертската квалификација ќе зависи од следната скала за квалификацијата за административниот јаз за државата, како што е претставен во следната табела:

| **Вкупна оценка за државата на административен јаз за *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан*** | **Квалификација на административен јаз обезбедена од експерт** |
|---|---|
| **4-7** | **Државата е подготвена да преземе спроведување на *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ* со мали измени** |
| **8-12** | **Државата донекаде е подготвена да преземе спроведување на *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ* со измени во законодавството/подзаконската регулатива и/или воведувањето на постапките и/или систематизација на нови кадри и/или планирање и набавка на нова опрема** |
| **13-16** | **Државата е подготвена да преземе спроведување на *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ* со поголеми измени во законодавството/подзаконската регулатива и/или воведувањето на постапките и/или систематизација на нов персонал и/или планирање и набавка на нова опрема** |
| **17-20** | **Државата не е подготвена да преземе спроведување на *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ* и потребни се големи законодавни активности, планирање и извршување на јавните финансии и планирање и спроведување на јавните набавки** |

# Анекс. Резимирано појаснување на оценката на административниот јаз

Со оглед на наодите од истражувањето од тимот на експерти од државата, резимето на оценката на административниот јаз е претставено во следната табела.

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (А)<br>**Општ став за политиката**<br>(Договорот е ратификуван; преземени се други активности)<br><br>Ратификуван е во Северна Македонија | Контактирани се 12 институции и никој не ја презеде одговорноста за спроведувањето на Договорот. Затоа, врз основа на целосниот недостаток на информации во овој поглед, претпоставуваме:<br><br>Не е воспоставен Заеднички комитет - Албанија (и други држави) предвидуваат воспоставување на Заеднички комитет;<br><br>Не се назначени 5 претставници на Заедничкиот комитет - Албанија (и други држави) предвидуваат идентификување на 5-те претставници на Заедничкиот комитет;<br><br>Не е донесен деловник - Албанија (и другите држави) предвидуваат подготовка, одобрување и усвојување на | БиХ ќе треба да одлучи кои пет претставници ќе заседаваат во Заедничкиот комитет (заради децентрализираната природа на БиХ, може да биде предизвик да се одлучи по ова прашање)<br><br>Во согласност со извештајот од октомври 2022 година, БиХ има одредено ниво на подготовка на полето на слободното движење на работниците и има ограничен напредок од 2021 година. | Косово сè уште го нема потпишано и ратификувано Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан<br><br>Косово сè уште го нема воспоставено Заедничкиот комитет.<br><br>Косово сè уште нема усвоено деловник за работа на Заедничкиот комитет.<br><br>Косово сè уште нема спроведено анализа на законските измени кои се потребни за нивно усогласување со Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан и за спроведување на овој договор.<br><br>Косово сè уште го нема развиено институционалниот | Целиот систем за работодавачи на странци во Црна Гора се заснова на процесот на интеграција во ЕУ и понатамошна надградба на тој процес како барање на крајот да биде во согласност со ЕУ. Очигледно е дека на Црна Гора  е потребна специфична информатичка технологија за мрежно поврзување со земјите од ЕУ, како и заеднички правила и постапки за здравствено и социјално осигурување. Тоа треба да биде барање за сите земји кандидати и членки и треба да се земе предвид во иницијативата Отворен Балкан како и во договорот за слободен пристап до пазарот на трудот на Западен Балкан. | Северна Македонија со значително временско задоцнување ги ратификуваше двата договори кои се релевантни за спроведување на „Слободен пристап до пазарите на трудот“ за граѓаните на земјите потписнички, земјите-учеснички на иницијативата Отворен Балкан.<br><br>Владата назначи претставници од Северна Македонија во работната група која го подготви нацрт-текстот на протоколите, а заедничкиот комитет сè уште не е воспоставен. Заради тоа не е донесен деловник за функцијата на овој комитет.<br><br>Релевантните институции значително се координираа при изготвувањето на | Заедничкиот комитет сè уште не е воспоставен. Првиот протокол за спроведување на овој договор е склучен.<br><br>Главното прашање е фактот што Србија нема јасна визија и стратегија за управување со миграциите на работна сила. Накратко, Србија не знае што сака да постигне со овие миграции, а пасивно управува со нив - преку тестирање на пазарот на труд кога домашните работодавачи бараат странски работници. |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Деловникот за работа на Заедничкиот комитет;<br>Не се склучени дополнителни протоколи - Албанија (и другите држави) предвидуваат дополнителните протоколи да бидат подготвени и одобрени.<br><br>Не е потпишан договор за социјално осигурување - Албанија (и другите држави) предвидуваат да се подготви и одобри Договорот за социјално осигурување.<br><br>Не е ангажиран нов кадар - Албанија (и другите држави) обезбедуваат ангажман на постоен персонал и, доколку е потребно, ангажираат нов персонал;<br><br>Нема набавка на нова опрема – поставена е опрема (ако е потребна дополнителна опрема, да се набави);<br><br>Нема измени на законодавството во сила - Албанија (и другите држави) го менуваат поврзаното | | систем (надлежен персонал, постапки, бази на податоци/системи итн.) со цел да се имплементира и обезбеди усогласеност со Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан. | Во Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан, во член 14, постои норма: „Договорните страни се обврзуваат да го усогласат своето домашно законодавство со правото на ЕУ за прашања во врска со спроведувањето на овој Договор“.<br><br>Црна Гора е на пат да го стори тоа и се чини дека ова не е толку лесен процес.<br><br>Од друга страна, тој процес може да биде корисен за сите земји од Западен Балкан во пристапувањето кон ЕУ и за отворање на пазарот на трудот за сите нив врз основа на исти правила. | протоколите за спроведување на договорите со овој пристап, процесот не е координиран од институциите кои се одговорни за спроведување на договорот, туку од Владата и координаторите на иницијативата Отворен Балкан. Овој пристап овозможува побавно спроведување, во однос на воспоставениот комитет.<br><br>И покрај тоа што е изготвен и договорен дополнителен протокол на техничко ниво, протоколот не е усвоен. Не е јасно која институција е одговорна за усвојување на овие протоколи. | |

| **Држава** | **Албанија** | **Босна и Херцеговина** | **Косово** | **Црна Гора** | **Северна Македонија** | **Србија** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | законодавство за да се приспособат на ангажманите во договорот за слободно движење во рамки на иницијативата Отворен Балкан. | | | | | |
| (Б)<br><br>**Правна рамка** (список на закони и подзаконска регулатива)<br><br>Правната рамка може да вклучува законодавство кое е релевантно за регулирање на пристапот до пазарот на трудот, престојот и работата<br><br>За социјалната и здравствената заштита, оданочувањето и слично, само нормативно и не детално | Албанија треба да воведе законски измени (закони и подзаконски акти) за усогласување со Договорот во рамки на иницијативата Отворен Балкан;<br><br>Да се воведе идентификациски број за Отворен Балкан како документ кој овозможува слободен пристап до пазарот на трудот во Албанија (постојната постапка за единствена дозвола треба да се усогласи со идентификацискиот број за Отворен Балкан).<br><br>Постапката мора да се поедностави, а системите меѓусебно функционираат на регионално ниво за да ги скратат постапките за верификација | БиХ ќе треба да воведе законски измени (а потоа да ги измени подзаконските акти) што ќе овозможи поедноставување на административните постапки за влез, движење, престој и работа; и да гарантира еднаков пристап до пазарот на трудот за граѓаните на договорните страни (различни нивоа на власт во БиХ, во согласност со нивните надлежности).<br><br>БиХ ќе треба да воведе електронска услуга за регистрација на интернет (законодавна, но и потребни ресурси). | Релевантното законодавство не е целосно усогласено со правото на ЕУ за прашања во врска со спроведувањето на овој Договор.<br><br>Не е спроведена студија со која се идентификуваат празнините на пазарот на трудот што би можеле да ги пополнат работниците од другите Договорни страни.<br><br>Сложени административни постапки за влез, престој и работа на граѓани на други земји од Западен Балкан.<br><br>Бариери за еднаков пристап на граѓаните на другите земји од Западен Балкан на пазарот на трудот. | Пред сè е платформата со информатичка технологија за „Идентификациски број за Отворен Балкан, која може да биде предизвикувачка во однос на правната рамка и спроведувањето. Треба да биде единствена платформа со информатичка технологија за сите земји.<br><br>Од друга страна, треба да се размислува за некоја мрежа на агенции за вработување (како на слободен пазар на труд во ЕУ – ЕУРЕС – Европска мрежа на услуги за вработување).<br><br>На секој пазар му се потребни две страни: понуда и побарувачка. | Законот за вработување и работа на странци дозволува да се применуваат различни постапки за вработување и работа на странци врз основа на ратификуван меѓународен договор. Правата и обврските на националните институции и правата на граѓаните кои доаѓаат од Албанија и Србија се регулирани со Договорот за пристап до пазари на трудот и со договорот за идентификациски број за Отворен Балкан. Двата договори се ратификувани. Според тоа, нема потреба од измени во законите за добивање пристап до пазарот на трудот.<br><br>Дополнителен протокол кон двата договори во рамки на иницијативата | Според информациите од интервјуто добиени од Националната служба за вработување, овој договор се смета за *lex specialis* што значи дека се применува исклучиво за прашањата кои се наведени во текстот, додека националното законодавство се применува за сè останато. Народното собрание на Република Србија го ратификуваше, давајќи му сила на закон. Затоа, нема потреба од измена на други закони и подзаконски акти во Србија.<br><br>Покрај тоа, тие напоменаа дека во моментов се прават напори за потпишување на договор за социјално осигурување со Албанија, но неизвесно |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Постапката за дозволи за престој и работа е на интернет и може да се прошири и на работни дозволи во рамките на иницијативата Отворен Балкан без дополнителни инфраструктурни трошоци. | | Недостаток на електронски систем за регистрација на работници од другите земји на Западен Балкан.<br><br>Недостаток на доволен кадар во јавните институции и служби кои се занимаваат со регистрација на работници од други земји на Западен Балкан<br><br>Недостаток на информации на пазарот на трудот и компаниите за Договорот.<br><br>Недостаток на веб-страница каде што компаниите ќе објавуваат слободни работни места достапни на пазарот на труд во Косово и луѓето од другите земји на ЗБ ќе аплицираат за достапни работни места. | За имплементација на предметниот договор треба детално да се разгледа постојното законодавство во земјата (кое, како што предвидува договорот, е усогласено со ЕУ) и ќе биде потребно да се донесат посебни акти или да се измени Законот што би ги ставил земјите од ЗБ во посебен режим и би ги ослободил во однос на останатите земји, кога станува збор за регулатива за вработување. Ова, секако, би требало да го одобри Европската комисија, бидејќи во спротивно би имало последици по интеграцијата во ЕУ, а тоа не го сака ниту една од земјите, особено Црна Гора.<br><br>Постојните договори со земјите од Западен Балкан треба да се изменат и да се донесат нови за дефинирање на правата и обврските врз основа на работата. | Отворен Балкан е развиен и договорен на техничко ниво, но сè уште не е усвоен.<br><br>Протоколите кон двата договори можеби ќе треба да се усогласат со домашното законодавство и дополнително да ги прецизираат правата и обврските на двете работни групи што треба да се формираат, како што се гледа во нацрт-текстот на протоколот. Ова е особено важно во однос на нивната улога да „дискутираат и да ги решат сите правни и технички пречки кои произлегуваат од спроведувањето на Договорот и овој Протокол", имајќи го предвид правниот ред на Северна Македонија.<br><br>Дополнително, имајќи предвид дека постапката во однос на процесот на давање пристап до пазарите на трудот е изменета, можеби ќе биде потребна подзаконска | е кога тоа ќе биде завршено.<br><br>Дотогаш, неколку прашања во врска со оваа тема остануваат неодговорени. На пример, како ќе се пресметуваат пензиите за албанските работници.<br><br>Нема одговор од Канцеларијата за информатичка технологија и е-Влада, кои се контактирани за интервју.<br><br>Друго потенцијално прашање се билатералните договори (на пример со Кина) кои одделно ги регулираат работните миграции надвор од домашното законодавство и меѓународните обврски. Покрај тоа, овие договори честопати не се транспарентни – не се објавуваат јавно, така што не е лесно да се најдат. |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | По дефинирањето на правната рамка со која земјите од Западен Балкан би биле изземени од постојната законска рамка за вработување на странци, потребно е да се работи со администрацијата задолжена за оваа област, како што се Управата за полиција, Заводот за вработување, Фондот за пензиско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, Даночната управа, за примена на нови прописи и користење на нови платформи со информатичка технологија. | регулатива за да се прецизираат правата и обврските на институциите на Северна Македонија за овој договор. Ова е особено важно во однос на правото и одговорностите<br><br>Потребно е да се изготви правилник за странците кои доаѓаат од земјите испраќачи (во случајот со Северна Македонија, тоа се граѓаните на Албанија и Србија). Со овој правилник треба да се утврди интеракцијата помеѓу договорите во рамки на иницијативата Отворен Балкан и постојното национално законодавство за влез, престој и работа во Северна Македонија.<br><br>Бидејќи не е формиран Заеднички комитет чија улога е да ги организира, координира и контролира активностите, спроведувањето на договорот е отежнато.<br><br>Оттука, не е донесен деловник кој меѓу | |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | другите аспекти може да ги регулира правата и обврските на договорните страни и на граѓаните како заинтересирани страни. | |
| (В)<br><br>**Постапки** кои се регулирани во законодавството/ подзаконската регулатива (што постои, што недостасува, практика наспроти нормативна регулатива)<br><br>Со истражувањето може да се истражат промените (status quo наспроти сценарио на иницијативата Отворен Балкан) во однос на процесот на поднесување барање, процесот на разгледување на барањето, процесот на одобрување | Албанија има инфраструктура и постапки за да се приспособи на одредбите од Договорот за слободен пристап до пазарот на трудот во рамки на иницијативата Отворен Балкан.<br><br>Албанија мора да направи законски, административни и инфраструктурни промени за да се приспособи за идентификацискиот број на Отворен Балкан. | Покрај законските измени што ќе овозможат такви постапки, БиХ исто така ќе треба да изгради платформа за регистрација на интернет и да ги поврзе институциите за да може да провери дали се исполнети временските услови (на пример, забрана за влез). | Да се измени Законот за странци со цел да се регулираат сите аспекти во врска со влезот, престојот и работата на граѓаните од другите земји на Западен Балкан.<br><br>Да се додаде преодна одредба во Законот за странци со која се предвидува донесување посебен подзаконски акт (регулатива или административна наредба) со која се регулира влезот, престојот и работата на граѓаните од другите земји на Западен Балкан.<br><br>Да се подготви и донесе подзаконски акт (регулатива или административна наредба) со кој се регулира влезот, престојот и работата на граѓаните од другите | Постојат празнини во законодавството, кое дури и во овој договор во рамки на иницијативата Отворен Балкан треба да се усогласи со правото на ЕУ. Ќе биде потребно време и други ресурси за усогласување на законодавството.<br><br>Затоа, прво би требало да се усогласи правната рамка, за да може да се спроведе договорот, вклучувајќи го и „Идентификацискиот број за Отворен Балкан“, за што дополнително би била потребна нова платформа со информатичка технологија.<br><br>Забележете дека погоре веќе беше нагласено дека покрај платформата со информатичка технологија за | Услугата „пристап до пазарите на трудот“ во согласност со иницијативата Отворен Балкан се разликува од вообичаената постапка во однос на процесот на поднесување барање, разгледување и одобрување, а воведени се различни права и обврски за националните институции и за граѓаните на земјите испраќачи.<br>Спроведувањето на услугата „пристап до единствениот пазар“ треба да биде целосно дигитализиран процес.<br><br>Услугата кон граѓаните на Албанија и Србија за „пристап до единствен пазар“ сè уште не е функционална.<br><br>Бидејќи информативниот систем на Министерството за | Во согласност со информациите кои се добиени од интервјуто со Националната служба за вработување, оваа служба и Канцеларијата за информатичка технологија беа подготвени за спроведување на овој Договор уште во јуни минатата година. Но, тие чекаат политичка одлука „од повисоките кругови“ за да започнат. Националната служба за вработување беше вклучена во целиот процес на подготовка, вклучително и трилатерални и билатерални состаноци, и сè е тестирано од сите три страни. Дополнително, Националната служба за вработување директно комуницира со Централниот регистар за задолжително |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | земји на Западен Балкан.<br><br>Да се воспостават поефикасни и поедноставени постапки за влез, престој и работа на граѓани од други земји од Западен Балкан.<br><br>Да се спроведе проценка за да се утврдат несовпаѓањата и празнините помеѓу реалната практика за пристап на странците од другите земји на Западен Балкан до пазарот на трудот. | понудата, треба да има и некоја заедничка платформа со информатичка технологија на страната на побарувачката. | внатрешни работи сè уште не е поврзан со другите министерства и агенции.<br><br>Пред услугата да стане јавна, целиот процес треба да се тестира и да се потврди дека функционира добро без системски проблеми.<br><br>Договорите во рамки на иницијативата Отворен Балкан и нацрт-протоколите не предвидуваат како договорните страни ќе ги проверат лично изнесените информации од подносителите на барање. Ова може да биде проблематично од два аспекта.<br><br>Првиот аспект се однесува на потенцијалното криминално минато на подносителот на барање бидејќи процесот не ја наметнува потребата од потврден доказ дека странецот нема криминално досие и доказ дека нема кривична постапка | социјално осигурување за сите потребни технички работи.<br><br>Сепак, сè уште не е јасно која институција ќе биде одговорна за постапување со „документацијата која недостасува“ и информирање на потенцијалните работници од Северна Македонија и Албанија за тоа.<br><br>Нема одговор од Канцеларијата за информатичка технологија и е-Влада, која беше контактирана за интервју.<br><br>Друго прашање за работодавачите е што според новиот систем (од 1 февруари 2024 година), на работникот со унифицирана дозвола со важење од три години ќе му биде дозволено да го смени работодавачот. Но, во согласност со Законот за странци, за работникот е одговорна страната која го повикува или работодавачот. Во |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | против странецот во државата во која тој е државјанин или во државата во која престојува и од која го поднесува барањето за издавање на дозвола за престој, во согласност со постојната постапка од законот за вработување на странци.<br><br>На сличен начин, не постојат постапки кои дефинираат како договорните страни, во овој случај Северна Македонија, ги спроведуваат проверките на минатото доколку подносителот на барање претставува закана за јавниот ред, националната безбедност, јавното здравје или меѓународните односи на другите Договорни страни.<br><br>Овие аспекти може да бидат внесени во подзаконски акт со кој ќе се прецизираат правата и обврските на институциите на Северна Македонија за | пракса, има случаи кога странските работници пристигнуваат во Србија и брзо „исчезнуваат“ во друга, обично поразвиена земја, ефективно користејќи ја Србија како средство за добивање на потребните документи пред да заминат. Ова претставува значаен предизвик за работодавачите кои инвестираат многу во доведување работници во Србија (со трошоци од околу 330 евра по работник) само за да увидат дека еден ден работникот едноставно не пристигнал на работното место. |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | овој договор. Оваа подзаконска регулатива може да ја зголеми отчетноста на институциите и транспарентноста на процесот за давање пристап до пазарот на трудот.<br><br>Вториот аспект е професионалната квалификација (минато) на подносителите на барање, бидејќи со процесот не се наметнува потребата од проверен доказ за соодветно образование, професионални квалификации, препораки, сертификати издадени од надлежен орган од матичната земја или препораки за завршена соодветна обука во струката, во согласност со постојната постапка од законот за вработување на странци.<br><br>Во таа насока, Договорот за признавање на дипломи и научни степени во | |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Западен Балкан, потпишан во рамките на иницијативата Отворен Балкан, и/или признавање на високообразовни квалификации, признавање на професионални квалификации за доктори по медицина, стоматолози и архитекти, потпишан во рамките на Берлинскиот процес може да биде клучен за да се олесни потврдувањето на професионалната квалификација на подносителите на барање.<br>И на крајот, не е јасно дефинирано како ќе функционира договорот во рамки на иницијативата Отворен Балкан за привремено назначените работници и сезонските работници, за кои важи другото барање. | |

| **Држава** | **Албанија** | **Босна и Херцеговина** | **Косово** | **Црна Гора** | **Северна Македонија** | **Србија** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (Д)<br><br>Потребен **кадар** за успешна имплементација на барањата (апликациите) (нова систематизација; нови сектори; број на вработени, нови одговорности, итн.) | Треба да се ангажира нов персонал или да се распредели од други сектори или институции за обработка на барањата;<br><br>Да се ангажира нов персонал за да го имплементира идентификацискиот број за иницијативата Отворен Балкан и да обезбеди непречено функционирање. | Потребен е персонал за водење и одржување на платформата.<br><br>Ќе треба да се назначат пет претставници. | Вработување на едно (1) службено лице во Секторот за државјанство, азил и миграција - DCAM (Министерство за внатрешни работи) кое ќе биде задолжено само за обработка и управување со барања на странци од други држави на Западен Балкан кои доаѓаат на работа во државата.<br><br>Вработување на едно (1) службено лице во Агенцијата за вработување на Република Косово (EARK) кое ќе биде задолжено само за работа со странски работници од други држави на Западен Балкан кои работат во државата.<br><br>Обезбедување на човечки капацитети за информатичка технологија за одржување на електронскиот систем за регистрација на работодавачи од другите држави на | Имајќи предвид дека за доделување на „Идентификациски број за Отворен Балкан“ би било неопходно дополнително вработување, за доделување на овој број би морало да се вработи дополнителен кадар. Имајќи предвид дека се работи за електронска достава и издавање, веројатно за потребите на Црна Гора, бројката од околу 10 нови вработени на овие работни места би била доволна. | Се разликува процесот на давање пристап до пазарот на трудот во согласност со иницијативата Отворен Балкан од постојниот процес на доделување дозвола за престој за работни цели и работни дозволи. Новото работно оптоварување што произлегува со овие промени се распределува нерамномерно меѓу различните институции. Во согласност со постапката во рамки на иницијативата Отворен Балкан, Министерството за надворешни работи воопшто нема улога во процесот на примање или информирање за резултатите од барањата (апликациите), додека Министерството за информатичко општество и медиуми има значајна улога заради дигитализацијата на процесот за поднесување барање | Бидејќи Заедничкиот комитет сѐ уште не е формиран, треба да се именуваат најмалку пет претставници од клучните институции.<br><br>Во согласност со информациите добиени од интервјуто, Националната служба за вработување проценува дека нема да имаат дополнителен обем на работа во врска со тоа. За овој процес, тие нема да имаат потреба да вршат тестирање на пазарот на труд како што прават за другите странски државјани. Наместо тоа, ќе водат само евиденција за тоа кому МВР му дала идентификациски број за Отворен Балкан и дали има заснован работен однос или не, а сето тоа ќе се врши по електронски пат. Лицата кои ќе поднесат барање по електронски пат, ќе поминат низ редовната постапка, како и сите други домашни физички лица |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Западен Балкан кои работат во државата.<br><br>Обезбедување соодветна обука и градење капацитети за службениците на Секторот за државјанство, азил и миграција/Министерство за внатрешни работи и Министерството за финансии, труд и трансфери/Агенција за вработување на Косово кои се задолжени за странски работници од другите држави на Западен Балкан кои работат во државата, вклучително и во врска со информатичка технологија. | | во согласност со Отворен Балкан.<br><br>Најпогодено може да биде Министерството за внатрешни работи бидејќи е единствената институција која ќе ги разгледува барањата. Министерството има план да го обучи персоналот за обработка на барањата во согласност со постапката на иницијативата Отворен Балкан во случај на поголем обем на барања, за навремен одговор. Понатаму, за таа цел, Министерството ќе треба да даде привилегии на регионалните оперативни единици и инспекторите за странци да работат на оваа постапка.<br><br>Заедничката работна група која е задолжена да го дефинира завршниот текст на протоколите се состои од седум члена, кои доаѓаат од пет институции. Сите | кои бараат вработување.<br><br>Нема одговор од Канцеларијата за информатичка технологија и е-Влада, кои се контактирани за интервју.<br><br>Сепак, врз основа на информациите прибрани надвор од Министерството за внатрешни работи, можеме да процениме дека ќе им треба значително зголемување на персоналот за да ги одржат постапките кои се утврдени во Договорот.<br><br>Не можевме да добиеме информација дали е именуван нов кадар за водење на платформата за е-Влада на интернет бидејќи Канцеларијата за информатичка технологија и е-Влада не одговори на нашите барања.<br><br>Една од идеите за имплементација на договорот за работни |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | членови од работната група имаат и дополнителни обврски освен доделените должности. Ова би можело да биде проблематично особено за оние кои се директно вклучени во спроведувањето на вообичаената постапка за доделување дозвола за престој за работни цели и работни дозволи и пристапот до пазарот на трудот во согласност со иницијативата Отворен Балкан.<br><br>Во однос на структурата на координација и имплементација, ќе има потреба од најмалку пет члена за воспоставување на Заедничкиот комитет, како што е предвидено во предвидениот Договор за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан.<br><br>Дополнително, како што се гледа во нацрт-текстот на протоколите на двата договори, ќе има потреба од | дозволи беше работниците Албанци и Македонци да можат да се пријават како невработени во Националната служба за вработување. Сепак, јазичната бариера може да биде проблем, особено за албанските работници, бидејќи советниците на Националната служба за вработување можеби не го познаваат албанскиот јазик (и несигурно е дали сите тие зборуваат англиски јазик доволно добро). |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | најмалку две лица кои ќе претседаваат со работната група. Бидејќи протоколите предвидуваат дека страните, во овој случај Северна Македонија, може да назначат онолку лица колку што е потребно како членови на Заедничките работни групи, не е јасно колку персонал ќе биде потребен за да се ангажира со цел се исполнат обврските од областите на соработка во соодветниот договор(и) и протокол(и). | |
| (Д)<br><br>**Опрема** (канцелариски простор, информатичка и комуникациска технологија, софтвер, опрема за интероперабилност, размена на податоци, бироа, возила, итн.) | Да се дизајнира и спроведе новата платформа за регистрација на податоци и генерирање на идентификациски број за Отворен Балкан (интегрирана во порталот e-Albania).<br><br>Подобрување на меѓусебната поврзаност со договорните страни за размена на информации. | Во зависност од тоа кои институции би биле надлежни, би бил потребен дополнителен канцелариски простор, информатичка технологија | Воспоставување на механизми за размена на податоци, вклучително и развој на протоколи и систем за да се олесни непреченото споделување информации. | | Во согласност со интервјуата, нема потреба од дополнителна опрема. Треба да се интегрира софтверскиот информациски систем на Министерството за внатрешни работи со оној на Министерството за информатичко општество и медиуми.<br><br>Бидејќи тие ќе преземат најголем обем на работа за да издадат | Во согласност соинформациите добиени преку интервју со Националната служба за вработување, тие не предвидуваат никакви недостатоци од нивна страна во однос на опремата за спроведување на иницијативата Отворен Балкан бидејќи Министерството за внатрешни работи ќе биде задолжено за одобрување на сертификатот за |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | „пристап до пазарот на трудот“. Министерството за внатрешни работи може да има потреба од нови компјутери со интернет врска и привилегии за управување со системот за подрачните оперативни единици. | идентификациски број за Отворен Балкан (во пракса тие ќе вршат најголем дел од работата).<br><br>Нема одговор од Канцеларијата за информатичка технологија и е-Влада, кои се контактирани за интервју.<br><br>Сепак, во согласност со информациите прибрани од клучните стручни соговорници надвор од Министерството за внатрешни работи, оваа институција ќе треба да ја надгради својата опрема, на пример да развие софтвер за брза и лесна комуникација и споделување податоци со други клучни институции (Национална служба за вработување, Канцеларија за информатичка технологија и е-Влада).<br><br>Што се однесува до платформата за е-Влада, таа е развиена и одржувана од Канцеларијата за |

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | информатичка технологија и е-Влада која работи во рамки на Министерството за информации и телекомуникации. Сепак, не можевме да добиеме никакви информации од нив. |
| (Ѓ) **Друго.** Други дополнителни ресурси кои не се споменати погоре<br><br>ЗАБЕЛЕШКА: ОВАА КАТЕГОРИЈА НЕ Е ДЕЛ ОД СИСТЕМОТ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ ПОДОЛУ! | Не се достапни информации. | Не се достапни информации. | Не се достапни информации. | Стратешкиот пристап е главниот недостаток – да се биде сигурен што сака државата и што ѝ е потребно во иднина и според стратешкиот пристап да се ангажира административен капацитет за постигнување на конкретни цели. Тоа вклучува обука за персоналот и сите други вклучени во процесите (како што се работодавач, потенцијални работници, итн.), прирачници, упатства и слично. | Не се достапни информации. | Одредени институции, како што се Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и Канцеларијата за информатичка технологија и е-Влада, беа прилично нејасни кога станува збор за обезбедување информации во врска со иницијативата Отворен Балкан. |